# МЕРЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

Институт за комуникациски студии

respublica

**Наслов на публикацијата:**
Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica respublica

**Автори:**
Вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
Александра Теменугова
Проф. д-р Весна Шопар
м-р Бојан Георгиевски
м-р Михајло Лахтов
м-р Мила Стаменова
Асс. м-р Теа Конеска-Василевска
Дарко Малиновски
Владимир Делов

**Уредник:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Јазична редакција:**
Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

**Графички дизајн:**
Татјана Коцева Спирова

**Техничко уредување:**
Дејан Јовески

**Место и година:**
Скопје, 2024

# Содржина

Вовед 4

1. Мониторинг на комуникациските практики и наративи на политичките актери преку нивните интернет - и фејсбук-страници 6

1.1. Комуникациски практики на политичките партии и на нивните лидери 9

Мониторинг на официјални канали за комуникација на владини претставници 22

1.2 РЕЗИМЕ 24

2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери 25

2.1. Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците за март 2024 година 36

2.2. РЕЗИМЕ 48

Клучни карактеристики за известувањето на онлајн-медиумите во март 2024 48

Клучни карактеристики за известувањето на ТВ-станиците во март 2024 49

# Вовед

Петтиот извештај „Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ е сублимат на податоците од мониторингот на комуникациските практики на политичките актери во март 2023 во кои се идентификувани штетни наративи. Дополнително, извештајот содржи анализа како овие штетни наративи се третирани во централните информативни изданија на 9 телевизии и 11 онлајн-медиуми.

Карактеристично за мартовскиот извештај е што првпат откако почна мониторингот во септември 2023 година се презентираат податоци за временски интервал од еден месец. Главна причина за кратењето на досегашната практика на двомесечно известување за присутноста на штетните наративи во јавниот дискурс се активностите на политичките актери поврзани со предизборната кампања за претседателските избори, за кои првиот круг на гласање е закажан на 24 април 2024 година, а вториот на 8 мај, истовремено со парламентарните избори.

Институтот за комуникациски студии нагласува дека кандидатите за претседател на државата не се предмет на овој мониторинг.

**За целите на ова истражување се следат интернет- и фејсбук-страниците на десет политички партии кои се застапени со најмалку двајца пратеници во Собранието:** Алијанса на Албанците, Алтернатива, ДУИ, Демократско движење, ВМРО-ДМПНЕ, Левица, ЛДП, Нова социјалдемократска партија, СДСМ, Социјалистичка партија. На Фејсбук се мониторирани и профилите на лидерите на политичките партии, како и профилите на претседателот на преодната Влада на РСМ, замениците на премиерот и министрите во Владата.

**Примерокот на медиумите ги опфаќа следните 11 онлајн-медиуми и 9 телевизиски станици:**

**Онлајн-медиуми:** Локално; Независен; Слободен печат; А1он.мк; МКД.мк; Република; Курир; Алмакос; Тетова сот; Нова ТВ; Вечер.мк.

**Телевизии:** МТВ 1 (јавна); МТВ 2 (јавна, на албански јазик); Алфа ТВ (приватна); Канал 5 (приватна); Сител ТВ (приватна); ТВ 24 (приватна); Телма (приватна); Алсат М (приватна, на албански јазик); ТВ 21 (приватна, на албански јазик).

Исто како и во претходните извештаи, и тука емпириски се доловени содржината и обемот на штетните наративи пропагирани од политичките актери, интензитетот, темите и субјектите кон кои се насочени негативните пораки. Притоа, во извештајот се посочени прекршувањата на стандардите и начелата за недискриминирачка и транспарентна политичка комуникација од страна на политичките претставници, како и стандардите за професионално и етичко новинарско известување.

Податоците содржани во овој извештај се добиени со комбинација на повеќе методи и техники: квантитативно-квалитативна анализа преку мониторинг – набљудување, следење и утврдување присуство на претходно дефинирани индикатори (вкупно 14), кои пак се поврзуваат со некои од 16-те штетни наративи; критичка дискурзивна анализа – испитување на јазикот, реториката и стратегиите за врамување што ги користат политичките актери и медиумите.

Динамиката за следење на содржините на политичките актери е секој последователен трет и четврти ден во месецот, а на медиумите е секој четврти ден во месецот. Повеќе детали за методолошката рамка, примероците и динамиката на следење, како и детали за целиот истражувачки процес се достапни на: ШТЕТ-НА.

Истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“ (ШТЕТ-НА) Институтот за комуникациски студии (ИКС) го реализира во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Користи факти“, поддржан од Британската амбасада во Скопје. Истражувањето е лонгитудинално и во текот на 2023 и 2024 година во неколку фази го спроведува тим од ИКС во соработка со истражувачи и експерти од областа на комуникациите и медиумите, како и со медиумски професионалци во делот на мониторингот и на контролата.

> Во март е забележано значајно намалување на бројот на објавите со штетен наратив кај телевизиите. Споредено со февруари кога имале 90 „штетни“ прилози, во март се забележани 79. Тоа не е случај со политичките актери (142 објави) и со онлајн-медиумите (224). Нивните објави со штетен наратив во март бележат благ пораст споредено со февруари, кога имале 136 (политички актери), односно 211 објави (онлајн-медиуми).

| Анализиран субјект | Вкупен број прилози/објави со штетен наратив/и | | | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сеп. | окт. | ное. | дек. | јан. | фев. | март | |
| Онлајн-медиуми | 209 | 154 | 215 | 207 | 240 | 211 | 224 | 1.460 |
| Политички актери (партии и лидери) | 143 | 135 | 171 | 176 | 148 | 136 | 142 | 1.051 |
| ТВ станици | 76 | 66 | 69 | 87 | 96 | 90 | 79 | 563 |

# 1. Мониторинг на комуникациските практики и наративи на политичките актери преку нивните интернет- и фејсбук-страници




Мониторингот на комуникацијата на политичките актери во вкупно 16 денови во март 2024 година покажа дека тие неофицијално ја започнаа кампањата за двата изборни циклуса закажани за 24 април и 8 мај 2024 година многу порано отколку законски одредениот рок (20 денови пред датумот на гласање). Нивната реторика беше ставена во служба на изборите, а нападите кон политичките противници од ден на ден се заоструваа. Политичките актери ги искористија роковите за подготовка на изборите во кои се утврдуваа кандидатите за претседателските и за парламентарните избори да организираат партиски настани и средби со граѓани, да промовираат коалиции, нови изборни програми, кандидати за пратеници и за претседателската функција, како и за да побараат и да презентираат меѓународна поддршка.

Анализата подолу се однесува само на комуникациите на политичките актери каде се идентификувани штетни наративи, со упатување на индикаторите кои ги означуваат различните штетни наративи.

Во периодот од 1 до 31 март, мониторингот на интернет- и фејсбук-страниците на политичките партии и нивните лидери идентификува **вкупно 142 објави со штетен наратив**. Од нив, 60 се објавени само на Фејсбук, 36 се објавени само на интернет и 46 се објавени и на двата комуникациски канала. Со тоа се потврдува сличен тренд како и во претходните месеци, дека штетната реторика е поприсутна на фејсбук-страниците во споредба со оние на интернет-страниците, како и зачестено повторување на истите објави на двата комуникациски канала.

Слично како и претходните месеци, најмногу штетни наративи се нотирани кај ВМРО-ДПМНЕ, потоа кај СДСМ и Левица. Кај ДУИ се забележува зголемување на штетни објави во споредба со претходните месеци, а од опозициските партии на етничките Албанци во земјата, најмногу штетни наративи се забележани кај Алтернатива. Како и претходните месеци, мониторингот за март не покажа објави со штетни наративи на интернет- и фејсбук-страниците на партиите ЛДП, Нова социјалдемократска партија и Социјалистичка партија, како и на страниците на нивните лидери.

Со оглед дека опозициските партии на Албанците се здружија во коалицијата „ВРЕДИ“ (составена од Демократско движење на кое е претседател Изет Меџити, Алтернатива на која е претседател Африм Гаши, Движењето Беса на кое е претседател Билал Касами и Алијанса за Албанците - Таравари, односно фракцијата која ја предводи Арбен Таравари со заеднички настап на парламентарните избори и заеднички кандидат за претседател Арбен Таравари), а кампањата и целата комуникација кон јавноста ја прават како коалиција, оттука и изјавите на секој од нив се водат како комуникациска порака на ВРЕДИ.

Овојпат не се идентификувани штетни наративи кај лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, Христијан Мицкоски и Димитар Ковачевски, но кај лидерот на Левица, Димитар Апасиев забележани се девет штетни објави, кај лидерот на Демократско движење Изет Меџити се забележани три, додека кај лидерот на ДУИ Али Ахмети и кај лидерот на Алтернатива нотирана е по една објава со штетен наратив.

Табела 1. Приказ на објави со штетен наратив според политички актер (март 2024)




Дополнително, ако се земе предвид вкупниот број објави кај овие три партии, кај ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ само 5,4 % од објавите се штетни, додека кај Левица, со значително помал број објави, се забележува 16,3 % штетност.

Табела 2. Учество/процент на објавите на штетни наративи во вкупниот број објави на ФБ профилите на политичките субјекти (март 2024)



Се забележува дека има поголем број објави од активности на политичките лидери со видеоматеријали, т.н. „рилсови“, прекројување на една иста содржина и нејзино рециклирање и прелевање во неколку денови и објавување на повеќе комуникациски канали со цел да се досегне до поширока публика.

Најчестите објави кај политичките партии остануваат да бидат соопштенијата за јавност за одредени активности на политичките актери и прес-конференции, како и изјави дадени од портпароли на партиите или реакции. Во март се забележува и почесто користење од претходно на монтирани видеоисечоци кои се наменети за критика на политичките противници.

Оттука, убедливо најчестата тема за која се идентификувани штетни наративи е повторно внатрешната политика (100 од 142 објави или 70,4 проценти), додека другите теми се застапени со два до пет проценти во вкупниот број објави со штетни наративи, а од нив корупцијата е најпопуларна тема.

Како и во претходните месеци, партиите најчесто развивале штетни наративи за поткопување на довербата во институциите (преку непоткрепени тврдења за корумпираност и злоупотреба на службена должност), како и пристрасно селектирале информации (намерно изоставале информации), со што може да се доведе јавноста до погрешни заклучоци. Дополнително, може да се забележи засилена реторика на напади на политичките противници (преку етикетирање и исмевање на политичките противници и оцрнување на другите политички партии), потоа поттикнување општествено-политички поделби и популизам, кои главно се однесуваат на предизборните наративи (преку промоција на сопствените идеологии и планови). Со многу помал интензитет, мониторингот во март забележал и штетни наративи на ширење паника, страв и несигурност (преку зачестено обвинување на странски ентитети за мешање во внатрешните работи на државата, спротивно на националните интереси), екстремен патриотизам и национализам, манипулативна аудио-визуелна содржина и етноцентризам.

**Табела 3: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии (март 2024)**




| | Алијанса на Албанците | Али Ахмети | Кренар Лога | Африм Гаши | Артан Груби | Изет Меџити | Демократско движење | ДУИ | Димитар Апасиев | Алтернатива | Левица | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поткопување доверба | 1 | | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 8 | 3 | 6 | 25 | 26 | 31 |
| Пристрасно селектирање | | | | 1 | | 2 | 2 | | 5 | 8 | 24 | 22 | 36 |
| Напади на личност, Демонизација | | | | | 2 | | 1 | | 7 | 3 | 3 | 3 | 15 |
| Поттикнување поделби | | | 1 | | | 1 | 1 | | 2 | 4 | 5 | 11 | 2 |
| Популизам | | | | 1 | | 1 | 1 | | | 5 | 2 | 6 | 8 |
| Странско влијание | | 1 | | 1 | 3 | | 1 | 3 | 1 | 2 | 2 | | 3 |
| Ширење паника, страв и | | | | | | | | | | | 2 | 3 | 1 |
| Екстремен патриотизам, и/или национализам | | | | 1 | | 1 | | | | 3 | | | |
| МАВМС | | | | | | | | | | 1 | | | 2 |
| Етноцентризам | | | | | | | | 1 | | | | | |

Владејачките партии СДСМ и ДУИ продолжуваат да се претставуваат како проевропска и напредна опција за граѓаните додека ги критикуваат останатите дека се „анти-ЕУ“. СДСМ продолжува да ги таргетира ВМРО-ДПМНЕ како политичка опција која нема понуда за граѓаните за европска иднина, дека се истата политичка опција од минатото којашто не се реформирала и дека се против напредокот и членството на Македонија во Европската Унија. Во реториката на ДУИ се оди и чекор напред со што претстојните избори се опишуваат како избори на кои граѓаните треба да одлучуваат меѓу Русија и ЕУ. Во изјави на високите функционери на ДУИ се тврди дека земјата е во голема опасност од руско влијание и дека на претстојните избори граѓаните ќе треба да ја изберат европската опција, односно опцијата за која се залага ДУИ.

Здружените опозициски партии на Албанците остануваат со фокус на критика кон ДУИ како нивен главен противник со тоа што најчесто изнесуваат наводи за коруптивно работење на функционери на ДУИ и ги обвинуваат дека се под руско и српско влијание и дека лажно се претставуваат дека се за ЕУ. Кај нив најчесто се забележува присуство на себепретставување и како ЕУ-ориентирани и како спасители.

ВМРО-ДПМНЕ се претставува како спасител на народот и државата од „корумпираната и погубна власт“ на СДСМ и ДУИ. Штетните наративи на ВМРО-ДПМНЕ се најфокусирани кон Стево Пендаровски и СДСМ.

Левица повторно демонстрира најголема разновидност во теми и во актери кон кои се упатени критиките и штетните наративи. Овој месец може да се забележи дека особено ги таргетираат градоначалниците и советниците во единиците на локалната самоуправа кои доаѓаат од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Од Левица се претставуваат како спасители и бранители на народот, како и дека ја предводат револуционерната битка против „коалицијата СДС-ВМРО-ДУИ“.

## *1.1 Комуникациски практики на политичките партии и на нивните лидери*

### Социјалдемократски сојуз на Македонија – СДСМ

Главен фокус на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ во комуникацијата кон јавноста им е дека понудата на партијата е европска и носи добро за граѓаните. Претежно во дискурсот на СДСМ се нотира дека тие ја претставуваат својата политичка партија дека се спасители и на страната на граѓаните, правејќи разлика меѓу „ние - доброто“ и „тие - лошото“. Лидерот на СДСМ Димитар Ковачевски ја следи истата линија на изјави како и централните изјави од партијата со наративот дека СДСМ ја нуди „ЕУ како единствена алтернатива“, потенцирајќи - *Нудиме надеж, наспроти безнадежноста на ВМРО–ДПМНЕ, нашата визија за европска Македонија е реална и остварлива, односно дека само СДСМ го има и кадровскиот потенцијал и политичката волја да направи нешто подобро и нешто повеќе и за државата и за граѓаните, а дека ДПМНЕ ниту има план ниту има визија за подобра иднина на државата.* Покрај главните актери во објавите на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и Христијан Мицкоски како нивни главни политички противници, во март се јавува и Гордана Силјановска-Давкова која е кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ за претседателка на државата. ВМРО-ДПМНЕ најчесто се споменува како „ДПМНЕ“, со испуштање на кратенката „ВМРО“ за да се нагласи дека партијата не е наследник на македонската револуционерна организација.

СДСМ продолжува со практиката на „рециклирање“ содржини кое се одвива во еден ист ден или во неколку денови последователно и на фејсбук-страницата и на интернет-страницата, прво преку прес-конференција најчесто на еден од партиските портпароли. Потоа следува соопштение со повторување на текстот од прес-конференцијата, изјава за медиуми на пратеник или пратеник од партијата и објава на интернет-страницата. Исто така, се објавува содржина на Фејсбук од прес-конференцијата, со видеоматеријал, текстуална содржина како соопштение и некогаш истото соопштение во пократка форма или серија пократки објави со главните поенти.

Од индикаторите кои се среќаваат во нивните објави најчесто се промоцијата на сопствената идеологија како подобра од таа на политичкиот противник, служејќи се со популистички дискурс, напаѓајќи ги политичките противници како антиевропска опција. Ваквата теза е дополнително зајакната со слоганот што партијата го промовираше во текот на март за претстојните избори „Нема откажување од иднината“, при што тие тврдат дека нудат европска иднина за Македонија. Главните пораки кои тие ги упатуваат е да се претстават дека нивната опција е подобра од опцијата на нивниот главен политички противник, па така различни прашања од јавен интерес, како и настапи на лидерот на СДСМ се врамуваат во тој наратив за про- и антиевропски опции.

Кај повеќето политички актери мониторингот нотира користење на манипулативни аудио-визуелни материјали во кои најчесто се користат фотографии, видеоматеријали или точни податоци кои се комбинираат со манипулативни податоци, со цел да се влијае на јавноста.

Кај СДСМ се среќава објава неколку дена по промоцијата на кандидатката за претседателка Гордана Силјановска-Давкова на која има фотографија од неа заедно со бугарскиот европратеник Андреј Ковачев, кој е познат во македонската јавност како негатор на македонскиот народ. Во објавата се зборува со негативен тон дека „сликата на Силјановска со Ковачев е потврда за соработката на македонското и бугарското ВМРО" и дека „Силјановска гордо стои со Ковачев, кој нѐ негира како народ". Подоцна беше утврдено дека фотографијата е вистинита, но дека датира уште пред пет години (ВМРО-ДПМНЕ реагираше со прес-конференција за темата). Злонамерните информации, како објавата на оваа фотографија, се објавуваат со намера да се манипулира јавноста или да се наведе на погрешен заклучок, а со тоа и да се изврти сликата за тоа што е реалност, а што е лага.

Промоцијата на кандидатката за претседателка Гордана Силјановска-Давкова која ја поддржа ВМРО-ДПМНЕ и која се одржа на 2 март, се врамува во големата слика за напад на главниот политички противник на СДСМ, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ. Во изјава од функционер на СДСМ, која е објавена и како соопштение и објава на фејсбук-страницата на партијата се вели дека *ДПМНЕ со Силјановска-Давкова нудат враќање назад во изолација, далеку од ЕУ.* Понатаму се тврди дека она што го нудат *Мицкоски и ДПМНЕ заедно со Силјановска е да се откажеме од иднината*. Се прави и паралела со изборот за градоначалник на Скопје која исто така беше кандидатка поддржана од ВМРО-ДПМНЕ дека *доволно е само да се погледне што се случи во Скопје* и дека ДПМНЕ не донеле никаква позитивна промена. Притоа се напаѓа политичкиот противник дека е антиевропската опција за граѓаните и дека *ДПМНЕ не може да донесе никакви позитивни промени затоа што единствената шанса за Македонија е членството во ЕУ – а тие се против тоа.*

Слична реторика се забележува низ целиот месец, поврзано со различни општествени случувања. При отворање промотивен штаб на партијата во Охрид во соопштение на СДСМ се цитира претседателот на партијата Димитар Ковачевски кој ги напаѓа „ДПМНЕ" дека немаат план за Европа и за иднината и не може да донесат промени како што се видело со преземањето на локалната власт во повеќе места. Притоа сопствената партија се претставува како ориентирана кон ЕУ, за разлика од политичкиот противник.

Со оваа изјава се промовира главната тема со која СДСМ настапува веќе подолго време во јавноста, а која е и подлогата за промовираната кампања „Нема откажување од иднината", од „европска Македонија", низ чии пораки тврдат дека иднината е европска и неа може да ја донесе СДСМ, додека ВМРО-ДПМНЕ се партија која е со анти-ЕУ став. Ваквите пораки се чести од страна на лидерот на СДСМ на отворањето на промотивните штабови на СДСМ како и во други јавни настапи.

Праксата секој актуелен поголем настан да се врами во партиската комуникациска стратегија за промоција на сопствената идеологија како про-ЕУ, наспроти таа на политичките противници се гледа и во јавната реакција објавена во соопштение од 30 март по објавата на имињата на лицата кои се на кандидатските листи за пратеници. Во ставот се вели дека тоа *се листа за блокада на ЕУ, тоа е понудата на ДПМНЕ со 80 % исти пратеници*, при што се критикува политичкиот противник како анти-ЕУ опција и назадна, нереформирана партија чии пратеници и досега биле против членството на државата во ЕУ и спроведувале активна блокада на македонското Собрание. Исто така, се промовира сопствената идеологија дека изборот пред граѓаните на следните избори ќе биде п*омеѓу надеж и просперитетна европска иднина со СДСМ и безнадежност, враќање 10 години назад со ДПМНЕ далеку од ЕУ.*

Најчести штетни наративи кои ги користи СДСМ се користење на популизам, поткопување на довербата кај својот политички опонент, како и пристрасно селектирање, при што се изнесуваат само позитивните својства за сопствената политичка опција, а само негативни за политичкиот противник.

Со оглед на тоа дека популизмот е форма на политичка комуникација, *комуникациска рамка насочена кон народот, се идентификува со него и се преправа дека зборува во негово име... мастер-рамка во која*

*може да се пакуваат најразлични теми* (Jagers & Walgrave, во Reinemann, 2016: 13) е многу лесен за употреба, особено во предизборие. Но, популизмот како штетен наратив придонесува за замаглена слика во јавноста за тоа што всушност работат политичарите и какви ставови имаат за одредени прашања со што им се оневозможува на граѓаните да формираат вистинска слика за општествените случувања и политичката понуда, а со тоа и да направат искрен избор при практикување на своето демократско право, а тоа е правото на глас.

## *Демократска унија за интеграција – ДУИ (Bashkimi Demokratik për Integrim – BDI)*

Во споредба со претходните периоди на мониторинг кога поретко се забележуваа штетни наративи во комуникацијата на ДУИ, во март се забележува поинтензивна комуникација и зголемување на бројот на штетни наративи. ДУИ продолжува со клучната комуникациска порака во промоцијата на своите изборни активности – „ДА за ЕУ – НЕ за Русија." На 9 март беше промовиран и кандидатот на ДУИ за претседател, актуелниот министер за надворешни работи Бујар Османи, како и изборната платформа „ДА за ЕУ – НЕ за Русија". Кај кандидатот за претседател се забележани повеќе промотивни активности, меѓу народот, изразената поддршка за „претседател Албанец", а неговата работа како министер за надворешни работи е ставена во функција на негова промоција како кандидат. Притоа се користи претседавањето со ОБСЕ, како и неговите патувања надвор, посетата на дипломатско-конзуларните претставништва на Македонија во странство каде се издаваат документи на македонски државјани, со цел да изврши увид како се одвива процесот и да помогне во издавањето документи кај нашата дијаспора.

ДУИ продолжува со практиката да се претставува во своите комуникации како бранител на националниот идентитет, бранител на правдата, ориентирана кон ЕУ, транспарентна и отчетна. Кај партијата се нотирани осум пати штетен наратив за поткопување на довербата, три за странско влијание и еден за етноцентризам. Кај лидерот на ДУИ е нотирано тврдење за странско влијание.

Главни актери во објавите на ДУИ се претседателот на партијата Али Ахмети кој се именува како „претседателот на ДУИ", албанската опозиција, ВРЕДИ, Арбен Таравари, Билал Касами, Изет Меџити, Африм Гаши, ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска-Давкова за кои не се нотирани други именувања. Како втори други актери се забележуваат Бујар Османи кој се именува како „идниот претседател" и Христијан Мицкоски кој се именува како „претседателот на ВМРО-ДПМНЕ". Зијадин Села е нотиран како трет друг актер и е именуван како „претседателот на Алијансата за Албанците".

Додека кај политичката партија ДУИ и кандидатот за претседател повеќе се среќава популистички пристап со цел да се промовира сопствената идеологија, кај функционерот на ДУИ и владин министер Артан Груби се забележува и оцрнување на албанската опозиција, со тенденција да се прикаже како антиевропска и блиска со ВМРО ДПМНЕ, а главен аргумент кој се користи е неизгласувањето на уставните промени за внесување на бугарската заедница во преамбулата на Уставот.

На профилот на Артан Груби е објавена содржина - видеоприказ, во кој се покажуваат лајковите од лица во други земји на негови објави, а истата содржи текст со навреди кон функционери од албанската опозиција. Во објавата ги нарекува лидерот на Беса, Билал Касами „Бил Русот", Изет Меџити „Изет Африканот", Африм Гаши „Африм не знае и самиот од каде е бидејќи е зачуден", Арбен Таравари, *Арбен ТР, Арбен Туркменистан, и еден на кого никој не му го знае името, за сета љубов ❤️ и 👍 кои ми ги донесоа од нивните руски азијатски афрички другари.* Реакцијата на Груби е во врска со лајковите кои се појавија на неговата фејсбук-страница од различни земји. Објавата покрај тоа што содржи навреди и понижувачки говор кон политичките противници, исто така има елементи на говор на омраза, со оглед на тоа дека конотацијата на неговата објава е негативна и стигматизирачка.

Исто така, ДУИ има и објава во која директно се посочува на здружување на политички актери со цел да се предизвикаат немири по 8 мај. Се тврди дека со „руско сценарио" во „координација со ВМРО-ДПМНЕ и Левица" албанската опозиција ги напаѓа функционерите на ДУИ и дека има за цел да предизвика немири, но „ќе го добијат заслужениот одговор на 8 мај". Ваквите наративи и сериозни обвинувања за политичките противници кои недоволно аргументирано се пласираат во сензитивен период, со недоволно поткрепени наводи за странско влијание, придонесуваат кон ширење страв, паника и несигурност кај населението. Со ваквата комуникациска практика се крши начелото за комуникација базирана на докази, со што се загадува јавниот дискурс и се симнува нивото на политичката комуникација.

Функционерите на ДУИ значително посочуваат на малигното руско влијание, како што се пораките во обраќањето на лидерот на ДУИ при основањето на коалицијата која ја предводи ДУИ за претстојните избори „Европски фронт". Во духот на слоганот на нивната кампања „ДА за ЕУ – НЕ за Русија", Али Ахмети вели дека *Русија не е залак што треба да се потцени*, затоа што нејзиното присуство е видливо преку формирањето партии, медиуми, *militанти кои сакаат да го скршат нашиот цврсто зацртан пат, дека ние сакаме мирен Балкан и сакаме нашата земја да биде мирна и да се приклучи како што сме во НАТО и во ЕУ.* Преку користење на популистички дискурс, ДУИ според обраќањето на Ахмети е опцијата која е на страната на граѓаните, проевропска и која ги застапува вистинските вредности како бранител на народот.

Ваквата реторика на сеење страв во јавноста и наводи за странско малигно влијание експлицитно се гледа во објави на профилот на Артан Груби од интервју за Еуроњуз Албанија во кое тој директно зборува за малигното руско влијание во Македонија, а ја претставува ДУИ како опција за ЕУ. На пример, тврди дека при изборот на Талат Џафери за претседател на Собранието на 27 април 2017 година:

> *Масата луѓе која насилно влезе беше предводена од еден руски агент, кој беше идентификуван внатре во Собранието, а на чело на протестите беше партијата Единствена Македонија, кој е проруска и е основана од Александар Дугин, предводник на путинистичката филозофија во Русија. Да не зборуваме дека купиле телевизии во С. Македонија, имаат три политички партии, од кои едната е парламентарна партија со двајца пратеници, имаат невладини организации, излезе германскиот извештај со платени новинари од Русија, бруталната интервенција во МПЦ и највознемирувачка беше руската интервенција во Коридорот 8, преку аплицирање на една хрватска компанија, руска сопственост, во која членуваат тројца руски агенти, кои требаа да ја надгледуваат изградбата на Коридорот 8. Многу македонски новинари се директно во служба на руската амбасада и Москва со нивните антиалбански, анти-НАТО и анти-ЕУ ставови. Три партии (Левица, Единствена Македонија и Македонски концепт) се отворено про-Русија и му честитаат на Путин за изборот. Целата енергетска инфраструктура зависи од рускиот гас и влијание во Северна Македонија. Единствениот гас кој влегува во Македонија е купен од Русија и за следните 10 години. Имало и молчешкум толеранција и од страна на институциите или водачите на институциите кон руското влијание.*

Според Груби, најголемите македонски партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ имаат елементи кои може да ги поттикнат руските и српските интервенции во земјава и дека Србија е масовно присутна во Македонија.

Поврзувајќи информации кои претходно - се познати на јавноста во врска со настаните на 27 април, како и информации за кои се дискутирало во јавноста, за малигно руско влијание преку различни актери во земјата, Артан Груби ги врамува во тезата која политичката партија ДУИ ја форсира дека тие се политичката опција која главно се бори против малигното руското влијание.

Темата за малигно руско влијание и обидот на руски актери да влијаат на политички и општествени процеси во државата не е нова и е често истражувана и јавно изнесена. Таа е сериозна тема од јавен ин-

терес во држава која е членка на НАТО и е целосно усогласена со ставовите на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, како и во однос на пакетот санкции против Русија, посебно по руската инвазија на Украина. Политичките актери кога наведуваат дека има малигни странски влијанија во земјата потребно е да ги посочат точките каде е влијанието и каде е опасноста со цел на граѓаните да им биде јасно како е поврзан изборот со гласање за одредена политичка опција со изборот меѓу ЕУ и Русија, за граѓаните да бидат соодветно информирани и да го направат вистинскиот избор на гласањето. Во спротивно, доколку не се нудат аргументи, податоци, доколку не се илустрира каде е странското влијание, се остава впечаток дека станува збор за популистичка теза поврзана со многу сериозна и политички сензитивна тема, наменски создадена само за политички маркетинг за претстојните избори.

## ВМРО-ДПМНЕ

Слично со претходните месеци, ВМРО-ДПМНЕ како најголема опозициска партија во март се фокусира на критики кон СДСМ и ДУИ, односно владејачките партии во земјата, но овојпат се забележува и фокус на критики кон актуелниот претседател на државата и кандидат на претстојните претседателски избори Стево Пендаровски.

Од вкупно 445 објави (157 на фејсбук-страницата и 228 на интернет-страницата на партијата), месецов се идентификувани 43 објави со штетен наратив. Од нив, 19 се објавени само на интернет-страницата на партијата, 5 се објавени само на фејсбук-страницата, а 19 се објавени и на двата комуникациски канала. Во споредба со претходните месеци, овој месец се забележува зголемен број објави/комуникации од партијата, но помал број нотирани штетни наративи, односно намалување на процентот на штетност. [1]

Со вкупно 43 идентификувани објави со штетни наративи, критиките на ВМРО-ДПМНЕ месецов се главно фокусирани на Стево Пендаровски (20 пати) и СДСМ наречена „СДС“ (19 пати), но повторно често зборуваат и за Владата или власта „на СДС и ДУИ“ (17 пати). Со помал интензитет се забележуваат негативни споменувања на Димитар Ковачевски (6 пати) и народот или граѓаните (7 пати) споменувани со неутрален тон во штетните објави на ВМРО-ДПМНЕ. Иако Стево Пендаровски, Димитар Ковачевски и Бојан Маричиќ се споменувани во негативен контекст, не се именувани поинаку. Единствено во споменувањето на градоначалничката на Град Скопје Данела Арсовска ја нарекуваат „Омилениот приврзок на СДС и ДУИ“, „продолжена рака на СДС и ДУИ“ и „пионот на СДС и ДУИ“.

Овој месец, во штетната комуникација ВМРО-ДПМНЕ убедливо најчесто користеле неосновани тврдења за корумпираност на политичките противници, етикетирање и исмевање, но и намерно непренесување на целосната слика на настанот и промоција на сопствените идеологии. Поретко се обвинуваат странски ентитети за негативно влијание во земјата и се користат со зборови и формулации со кои се оцрнуваат ривалските политички партии. Затоа, ВМРО-ДПМНЕ, како и во претходните месеци, најчесто развивале штетни наративи на пристрасна селекција на информации, поткопување на довербата во институциите, напади и демонизација на политичките опоненти, особено Стево Пендаровски, и популистички наративи.

Формата во која се спакувани објавите со штетни наративи на ВМРО-ДПМНЕ е најчесто соопштение и прес-конференција, но овој месец може да се забележат и неколку објави со манипулативна аудиовизуелна содржина, односно видеокомпилации од изјави на Стево Пендаровски, проследени со партиски коментари, а во врска со неговиот однос со народот.

1 Процент на штетност од вкупниот број објави: март 5,4 % , февруари 21,6 %, јануари 27,7 %.

Најчеста тема е повторно внатрешната политика (20 објави), но се обработуваат и теми од областа на корупцијата (6 објави), надворешната политика (5 објави), здравството (3 објави), по две објави се однесуваат на тема економија и тема криминал, по еднаш се зборува за образованието и правосудството, а три објави се нотирани како друго. Темите од областа на внатрешната политика најчесто се однесуваат на критики кон Стево Пендаровски (13 од 20), но и за претстојните избори (4 од 20). Темите од областа на корупцијата се однесуваат на обвинувања за непотизам и партизација на администрацијата на ривалската СДСМ, црната листа на САД, за Стево Пендаровски и за службените возила на Владата, трошење јавни пари за набавки и нивна употреба за партиски цели. Во однос на надворешната политика, штетните наративи се развивале околу Стево Пендаровски и ЕУ.

Во идентификуваните објави со штетен наратив, ВМРО-ДПМНЕ и овој месец најчесто се претставуваат како спасители и бранители на народот и на правдата, а поретко се забележуваат и обиди за претставување како транспарентна и ЕУ-ориентирана партија.

Во објава од 2 март на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ се пренесува обраќање на лидерот на партијата Христијан Мицкоски на конвенција за избор на кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за претседател на државата, во кое можат да се забележат главните предизборни популистички пораки на партијата, со клучната порака во насловот на соопштението: *Мицкоски: Државата е во хаос и му ја одземаа на народот, време е за промени и за Македонија која ќе ја вратиме на народот.* Тука се очигледни низа неосновани наоди за тотална нефункционалност со што се врши пристрасна селекција на информации и се поткопува довербата во институциите – *Државата е во потполн хаос. Институциите се парализирани, апатија и разочараност која е насекаде. Изгубена е вербата во политичарите, затоа што волјата на народот многупати е изигрувана. Ништо не функционира, граѓаните имаат чувство дека државата е киднапирана од мала група корумпирани политичари и затоа се скептични дека тоа може да се промени. Државата е одземена од рацете на народот, и ако најкусо може да се опише тоа чувство на народот со зборовите - немаме веќе држава.* Понатаму, се користат со навредливи етикети за СДСМ со што се развива демонизација на партијата – *Македонската партија во власта СДСМ е сведена на измеќар и соучесник во сите скандали. Нема човек кој не се срами од нивните настапи каде и да нѐ преставуваат низ светот.* Исто така, може да се забележи и употреба на популистички формулации со кои се оцрнува СДСМ за сметка на промовирање на сопствените политики со што се предизвикува раздор и поделби во општеството:

> *Ќе нѐ носеа во Европа, а заробија два милиони граѓани, и порано во короната беше карантинот, а сега создадоа државен затвор... Пациентите не се сигурни каква терапија добиваат, се заработува бескрупулозно на грбот на најранливите, непотизам насекаде, правда никаде... Да не се лажеме дека ова се избори за тоа дали ќе влеземе или нема да влеземе во Европската Унија. Туку пред сѐ ова се избори за Македонија. Каде изборот треба да биде Македонија средена, со закони кои важат за сите, со немање граѓани од прв и втор ред. И јас верувам дека граѓаните го знаат и ќе го направат вистинскиот избор, за себе, за своите семејства, за своите деца.*

Во фокусот кон критиките за Стево Пендаровски најчесто се објавуваат монтирани видеосодржини од јавни излагања на Пендаровски со текстуални пораки и коментари. Така во објава од 2 март на фејсбук-страницата на ВМРО-ДПМНЕ видеомонтажата од инсерти од Пендаровски со порака – *Пендаровски во 2019 велеше дека не ги заборавил пораките Нема правда нема мир, а како 'попче' ги потпиша измените на Кривичниот законик. Граѓаните беа против, но Пендаровски реши да ги послуша газдите од ДУИ и СДС. Денес уште и без срам и перде вели дека покажал дека никој не можел да го контролира. Да не е срамно и тажно, Пендаровски би бил одличен стендап комичар.* Очигледно, со негативни етикети кон Пендаровски како „одличен стендап комичар", покорен на „газдите од ДУИ и СДС" и со тоа тврдење за корупција и непрофесионалност, се развива штетен наратив со пристрасна селекција на информации и аудио-визуелна содржина која не ја отсликува целосната слика на настаните, со цел да се поткопа до-

вербата во работењето на Пендаровски како претседател. Со формулациите дека како „попче“ ги слуша „газдите“, односно владејачките партии СДСМ и ДУИ, неосновано и недолично се напаѓа Пендаровски дека не бил и нема да биде независен претседател за сите граѓани, туку само поданик на партиите во извршната власт.

Исто така, во објава од 7 март на фејсбук-страницата на ВМРО-ДПМНЕ повторно се пласира монтирана видеосодржина од изјави на Пендаровски и бугарскиот европратеник Андреј Ковачев со следниот наратив - *Пендаровски добивал политичка поддршка во 2019 од европратеникот од Бугарија, Андреј Ковачев, познат по негациите на македонскиот идентитет. Пендаровски со тоа гордо се фалеше. Во исто време и Андреј Ковачев го глорифицираше Пендаровски за изјавата 'историски факт е дека Гоце Делчев е Бугарин'. Оваа срамна изјава на Пендаровски беше директно рушење на македонските позиции и Ковачев тоа го користеше како аргумент. Додека Пендаровски беше фален од страна на Ковачев, европратеникот се жалеше дека ВМРО-ДПМНЕ се противи на ваквите ставови на Пендаровски Стево*, во кој може да се забележат тврдењата за непрофесионалност и злоупотреба на службената должност на претседателот Пендаровски во служба на помагање на наводното негативно странско влијание кое ни доаѓа од Бугарија. Повторно, во објава од 10 март на фејсбук-страницата на партијата се презентира манипулативна аудио-визуелна содржина од интервјуа на Пендаровски и Ковачев, со која се тврди дека *Пендаровски срамно му припиша бугарско етничко потекло на Гоце Делчев - постапи како да е член на историската комисија,* ама од бугарска страна, со која повторно се врши пристрасно селектирање на информации и поткопување на довербата во институцијата Претседател, а цели кон оцрнување на Пендаровски како несоодветен кандидат за претседател. Истите пораки се повторени и елаборирани во соопштение од 18 март на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ, насловено *Пендаровски пола од мандатот потроши да им се допадне на бугарските негаторски кругови, а сега бара мандат од македонските граѓани кои ги изневери,* во кое се повторуваат неосновани тврдења за непрофесионалност и злоупотреба на должноста од страна на претседателот, но се зборува и за наводни негативни странски, бугарски влијанија со кои се шири страв и несигурност - *Очигледно на Пендаровски му беше поважно да го пофалат во Бугарија, отколку да ги заштити интересите на граѓаните во Македонија... Пендаровски треба да знае дека беше избран за претседател и земаше плата од народните пари за да биде заштитник на македонските позиции, а не на странските.*

Еден од често споменуваните случаи месецот за кој се посветени две прес-конференции и две соопштенија е наводниот скандал со консултантот на СДСМ, Асаф Исеини. На 22 март нотирана е објава од прес-конференција на Александар Николоски на интернет- и на фејсбук-страницата на ВМРО-ДПМНЕ, насловена *Пендаровски и Ковачевски се фатени во лага - Колку чини, кој ќе го плаќа и зошто договорот за ангажман на Асаф Исеини не е евидентиран од СДС?* На прес-конференцијата Николоски користи неосновани тврдења за корупција на СДСМ - *Денеска ќе продолжиме околу скандалот за странското сомнително советување на СДС и на Стево Пендаровски од страна на контроверзниот странски консултант Асаф Исеин.... Имајќи предвид дека имаме сериозни сознанија дека е ангажиран од страна на СДС, очигледно е дека Пендаровски и Ковачевски се фатени на дело како и едниот и другиот лажат за ангажманот на ова лице.... Прашањето кое до денес не го одговорија е кој ќе го плаќа ова лице и зошто договорот со него не е евидентиран од страна на СДС како што прават политичките партии обично кога ангажираат странски консултанти.* Овие тврдења не се поткрепени со докази и факти, туку се напади со паушални аргументи, со што се врши пристрасна селекција на информации со цел да ја наведе јавноста до заклучок дека СДСМ прави нешто криминално во стратегиското планирање на нивната изборна кампања.

Неколку денови подоцна, на 26 март нотирани се објава на партиско соопштение на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ и на уште една прес-конференција на Николоски објавена на интернет- и на фејсбук-страницата на истата тема. И во овој случај се користат неосновани тврдења за криминал и корупција – *Значи ја имаме изјавата на Пендаровски и го имаме 'потписот' на скапиот балкански мешетар Исеин. Сега останува уште да кажат со колку и какви пари ги плаќаат овие совети? Токму поради ова молчат и Пендаровски и Ковачевски и СДС. Ако го плаќаат Асаф Исеин со црни пари, тогаш прават кри-*

*минал. Ако неговиот ангажман го плаќа странски субјект, тогаш повторно го прекршуваат законот, дотолку повеќе што тој странски фактор би имал свои интереси да се меша во изборите во Македонија,* со кои се врши пристрасна селекција на информации и се поткопува довербата во институциите. Дополнително на 27 март објавено е уште едно соопштение на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ каде повторно со непроверени наоди за корупција се обвинува СДСМ за криминално работење – *СДС, Ковачевски и Пендаровски бегаат од одговори за скандалот со мешетарот Асаф Исеин, како ѓавол од темјан... Постојат сериозни индиции дека ова лице е плаќано со пари на рака, црни пари кои претходно биле испумпани од матните тендери во РЕК Битола. Ако е ова точно, а никој од повиканите не го демантира, тогаш власта влегува од криминал во друг криминал. Имено црните пари се оние кои се нелегално стекнати и затоа уште еднаш се крши законот кога на рака се исплаќаат на некој кој ве советува во пресрет на кампањата да терате црна кампања, со етикетирања и поделби.* Ваквите сериозни обвинувања за наводна корупција на СДСМ во предизборниот период, кои доаѓаат од најголемата опозициска партија во земјата, се штетни бидејќи не се поткрепени со докази, иако едно од главните начела на етична и чесна политичка комуникација е да се заснова на докази и факти, наместо да се шират манипулативни и селективни аргументи кои може да ја намалат довербата во изборниот процес и институциите.

## Левица

Во март 2024 година, на комуникациските канали на Левица и нивниот лидер Димитар Апасиев, доминираат објави за промовирање на нивната претседателска кандидатка Билјана Ванковска, како и за отворање локални канцеларии на партијата, а забележани се и чести објави поврзани со претседателските избори. Мониторингот евидентирал сличен тренд на штетни наративи на интернет-страницата на Левица, како и на фејсбук-страницата на партијата и на лидерот Апасиев, кои се фокусирани на остра, а понекогаш недолична и штетна критика и етикетирање кон претседателските кандидати на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, како и кон владејачките партии СДСМ и ДУИ и опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ.

Од вкупно 76 објави на интернет- и на фејсбук-страницата на партијата (во мониторираните денови), во 28 се забележани штетни наративи (21 штетни фејсбук-објави и 7 штетни интернет-објави, во кои само еднаш се повторува иста објава на обата комуникациски канала). Во март, на фејсбук-страницата на лидерот Димитар Апасиев нотирани се вкупно 69 објави, од кои во 11 се идентификувани штетни наративи.

Со тоа, Левица најчесто користеле неосновани тврдења за корупција, со намерно изоставање информации за настаните и употреба на зборови и формулации со кои се оцрнуваат политичките противници, со што развивале штетни наративи на поткопување на довербата во институциите од централната и локалната власт, како и пристрасно селектирање на информации кои ги доведуваат граѓаните до погрешни заклучоци. Поретко се забележуваат и штетни наративи за негативни странски влијанија во земјата, главно од западот, но и од Бугарија, поттикнување општествени поделби, ширење паника, страв и несигурност, но и популистички наративи каде преку оцрнување на политичките противници се претставуваат како единствена некорумпирана политичка опција која се залага за подобар животен стандард на граѓаните и заштита на националните интереси.

Слично и лидерот Апасиев објавувал штетни наративи на пристрасно селектирање информации со обиди за поткопување на довербата во институциите, поттикнување општествени поделби и негативно странско влијание, но кај него доминира негативното и недолично етикетирање на политичките противници и други субјекти, со кои развива штетен наратив на демонизација на личностите за кои зборува.

Формата во која се спакувани објавите со штетни наративи на Левица е најчесто соопштение (17 пати), интервју (5 пати), реакција (2 пати), како и една изјава, една прес-конференција, еден говор и еден фејсбук видеорил (Reel) од герила акција на Левица – Ѓорче Петров – *Објавите со штетни наративи на фејсбук-страницата на Апасиев се 10 реакции и едно соопштение.*

Најчеста тема во објавите на Левица во кои се идентификувани штетни наративи е внатрешната политика (18), потоа економијата (4), а поретко развивале штетни наративи на тема образование (2), здравство (2), криминал и корупција (1). Конкретно од областа на внатрешната политика, во објавите со штетен наратив на Левица за месецов се споменуваат општи политички теми како квалитетот на демократијата во Македонија, квалитетот на пратениците во Парламентот, политичката и економската состојба во државата, но и конкретни домашно-политички теми како измените на Кривичниот законик, односите меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, Охридскиот договор, статусот на раселените лица по воениот конфликт од 2001 година, како и претседателските избори, со особена критика и напади кон кандидатот Стево Пендаровски.

Останатите теми од внатрешната политика се однесуваат на политики на локално ниво, односно изградбата на повеќекатници и за ДУП-от во Ѓорче Петров, завршната сметка на градоначалникот за трошењата од буџетот во Битола и гласањето на Советот за завршната сметка, отстранување на историска спомен-плоча во Охрид, блокирање на ДУП во Кавадарци, раскинатиот договор за фабрика за електрични автомобили во Тетово, еколошки криминал во Општина Гази Баба, состојбите во Пробиштип, избори, отворање на рудниците Штука и Иловица, детски игралишта во населба Аеродром, Скопје. Главните економски теми се однесуваат на профитот на банките и предизборното задолжување на државата, но и на состојбите со овоштарското производство и извозот, додека темите од образование и здравство се однесуваат на студентскиот манифест од државните универзитети, финансиската поддршка на учениците и односот на државата кон новодипломираните лекари.[2]

Во 11-те идентификувани штетни објави на фејсбук-страницата на лидерот Апасиев исто доминираат темите од областа на внатрешната политика (10) и една објава е на тема здравство, односно за психичката состојба на населението. Конкретно од областа на внатрешната политика, во штетните објави на Апасиев се зборува за претседателските избори, за собирање потписи за претседателските кандидатури и политичкото рекламирање, напади кон претседателот Стево Пендаровски, критика на ТВ Канал 5 и директорот Иван Мирчевски, критики за работењето на премиерот Џафери, напад врз СДСМ... Дополнително се забележува и терористичкиот напад во Москва како споредна тема.

Со оглед на разновидноста на темите, забележани се рекордни 165 споменати актери во 28-те идентификувани објави на Левица со штетни наративи, а најчесто споменувани овој месец се Левица,[3] ВМРО-ДПМНЕ и нивните советници (10 пати), ДУИ (8 пати), СДСМ (7 пати)...[4] И овој месец, Левица ги користи истите именувања на клучните актери кои ги критикува во своите објави со штетни наративи: „ДПМНЕ“ за ВМРО-ДПМНЕ, „СДС“ за СДСМ, кои ги нарекува и „безначаен партнер на ДУИ“, додека за именување на ДУИ го користат зборот „Чудовиште“. И понатаму Владата ја нарекуваат „криминална Влада на СДС и ДУИ“, „ненародна власт“ и „Влада во заминување“, а зборуваат и за коалицијата ВМРО-ДПМНЕ-СДСМ-ДУИ. Од споменуваните политичари, најголем фокус на штетна критика месецов е насочена кон кандидатот за претседател Стево Пендаровски користејќи штетни и недолични етикети како „слуга“, „вазал“, „марионета на бугарските политики“, „безгласна буква“, „слуга на Калето“, „мал политичар“ и „кариерист“.

2 Споредна тема е идентификувана во 7 објави со штетни наративи: на 1.3. - собирање потписи за претседателски кандидати, на 10.3. - дивоградби во Охрид и спрега меѓу бизнисот и политиката/внатрешна политика, на 11.3. - економија - странски инвестиции, на 14.3. – внатрешна политика - претстојните избори, на 14.3 - надворешна политика - санкциите кон Русија, на 15.3. - економија - животниот стандард на населението и на 18.3 - надворешна политика - односот со САД и односот кон бугарските барања кон Македонија.

3 Во сите 28 објави - по еднаш (и уште 21 пат низ текстовите на објавите, а се споменуваат и Левица- Аеродром, Левица-Гази Баба и „Левица во Гази Баба“ и Левица-Кавадарци.

4 Поретко се споменати кандидатот за претседател од Левица Биљана Ванковска (4 пати), лидерот на партијата Димитар Апасиев (3 пати), по 2 пати се споменати „СДСМ-ВМРО-ДПМНЕ“, Црвена Младина, Горан Велевски „млади лекари“ и по еднаш се споменуваат Гордана Силјановска-Давкова, Стево Пендаровски, Амар Мециновиќ, Борис Крмов, Славица Грковска, Тимчо Муцунски, Артан Груби, Имер Селмани, Румен Радев, Нефи Усеини, Кирил Пецаков, Сашко Јанчев, Јована Мојсовска, ГРОМ, УЧК, Народен правобранител, Демократски сојуз.

Слично и на фејсбук-страницата на лидерот Димитар Апасиев, во 9 идентификувани објави со штетен наративи споменати се 60 актери а во секоја објава е спомената и Левица.[5] Негативните етикети и именувања стануваат недолични и штетни во комуникацијата на Апасиев, нарекувајќи ги „СДС-ДПМНЕ-ДУИ“ – „оска на злото“, „бермудски триаголник“, „тројниот пакт“ и „буржујските партии“, а ВМРО-ДПМНЕ уште ги нарекува и „Вмроиди“ , СДСМ ги именува како „ пробугарска СДС“, „сороспии“, и „СДС ‘на нашата земја’“, претседателот Стево Пендаровски  повторно го нарекува „вошка“, Димитар Ковачевски – „октоурираниот премиер“ и Талат Џафери – „премиерот-терорист“. Овој месец кај Апасиев се забележува и напад и негативно недолично етикетирање на медиум, односно телевизијата Канал 5 ТВ, нарекувајќи ја „куртонска телевизија“ и  „К(Анал) 5“, а Иван Мирчевски го нарекува „груевистички слуга“.

Во своите штетни објави Левица често се претставуваат како спасители и бранители на народот додека кај Апасиев не е забележана посебна намера на себепретставување, но еднаш се забележува како својата партија ја преставува како бранители на националните интереси, кога зборува за **„македонизмот на левицата“.**

Како и претходно, карактеристичен елемент во објавите со штетни наративи на Левица и на лидерот Апасиев се хаштаговите, а особено кај Апасиев, во хаштаговите може да се забележи штетноста и етикетирањето.[6]

Во фокусот на критиките кон Стево Пендаровски, објава на фејсбук-страницата на Левица од 18 март, содржи соопштение и графички дизајнирана фотографија од Пендаровски со претседателот на Република Бугарија Румен Радев, со текст-порака – *ИЗБОРОТ ЗА СЛУГАТА ПЕНДАРОВСКИ Е ИЗБОР ЗА САНСТЕФАНСКА БУГАРИЈА И РУШЕЊЕ НА МАКЕДОНИЗМОТ*. Соопштението изобилува со непроверени наоди и негативни и недолични етикети за претседателот Пендаровски со кои се врши пристрасно селектирање на информации и поткопување на довербата во институцијата Претседател на државата – *Македонската јавност го памети Пендаровски како безгласна буква во внатрешната и во надворешната политика, кој не реагира на повампирениот бугарски неоврховизам и великоалбански сецесионизам и кој сервилно го одмолчуваше секојдневното подигрување со инсигниите на македонската нација и негирањето на македонскиот јазик... Пендаровски во неговиот мандат беше марионета на бугарските негаторски политики... Поразот на Пендаровски на 8 мај ќе биде почеток на враќањето на суверенитетот во рацете на македонскиот народ, кој конечно ќе расчисти со ваквите кариеристи и вазали во политиката...* Дополнително, преку етикетирањето на Пендаровски како поданик или „вазал“ на туѓи интереси, може да се забележат и тврдењата за штетни странски влијанија, во конкретниов случај од Бугарија и САД. Ова е единствената објава која се појави на двата фејсбук-канала на Левица и на Апасиев.

5 По два пати се споменати: СДСМ, ДУИ, ДИК, АВМУ, Иван Мирчевски, Талат Џафери, ВМРО-ДПМНЕ-СДСМ а по еднаш се споменати: Димитар Ковачевски, Зоран Заев, Фатмир Битиќи, Фронтлајн, Рацин, Трн, Градска, Центар.мк, Цивил МК, Стево Пендаровски, претседателски кандидати, Стевчо Јакимовски, Билјана Ванковска, ГРОМ, Алијанса за Албанците, Арбен Таравари, Влада, граѓаните, Македонија, владејачките партии.

6 Хаштагови на фејсбук-страницата на Левица: #ВоБорба, #БорбатаПочнуваСега, #ЛевицаНаТерен, #ЛевицаВоПарламент, #ДаНеСеЗаборави, #НаКрајотЌеПобедиме, ЛевицаЗаПробиштип, #ИстокотЕЦрвен, #ЦрвениотБран, #ЦрвенаГазиБаба, #ЛевицаЗаНародот, #ЛевицаЗаЃорчеПетров #ЛевицаОдСоветите, #ВегетацијаНеБетонизација, #365Амандмани

Хаштагови на фејсбук-страницата на Димитар Апасиев: #ИзборитеСеНашатаОдмазда, #ДпмневскиКлиентелизам, #БојкотирамРекламирачиНаКанал5, #ТикТакТикТак, #МирчевскиНаАпарати, #ЛевицаНеПростува, #ЛевицаНеЗаборава, #Кољеги, #ДаНеСеЗаборави, #ГолематаМагија.

Кај лидерот Димитар Апасиев се забележува вжештување на наративите во овој предизборен месец, главно со користење на недолични и навредливи етикети. Во објава на 31 март на фејсбук-страницата на Апасиев, со пренесување на вест за интервју со претседателот на Гвајана Мохамед Ирфан Али, кратката статус-порака вели – *Е ваков ПРЕТСЕДАТЕЛ сакам! А не ко вошкана Пендаровски.* Покрај Пендаровски, лидерот на Левица продолжува и со недолични етикети кон премиерот Талат Џафери – *Дали премиерот-ТЕРОРИСТ на Северџанистан ги осуди терористичките напади во Москва и зошто не? #Кољеги* (објава на фејсбук-страницата на Апасиев, 23 март).

Особено загрижувачки е што овој месец лидерот Апасиев, покрај критиките и етикетирањето кон политичките противници, упати недолични напади и кон медиумот Канал 5 ТВ. Во објава на фејсбук-страницата на Апасиев, од 3 март, се забележуваат неосновани тврдења за корумпираност и недолични етикети за телевизијата Канал 5 ТВ и директорот – *Од сите куртон-медиуми, само (К)АНАЛ 5 продужува упорно со вмроидната хајка против Левица!? 🤔 Нејзиниот директор ИВАН МИРЧЕВСКИ - груевистичкиот слуга, ги вади своите фрустрации оти му го блокиравме Законот за поткуп на медиуми, кој си го смета за негов проект.* Дополнително, Апасиев повикува на бојкот на телевизијата и најавува „Војна" на Канал 5 ТВ – 📢 *Од оваа недела ќе започнеме системски организирана кампања на БОЈКОТИРАЊЕ на сите производи и фирми кои се рекламираат на оваа куртонска и непрофесионална телевизија!!! Со слики, со имиња, со брендови, со све... #БојкотирамРекламирачиНаКанал5, #ТикТакТикТак.* По оваа објава АВМУ реагираше истакнувајќи дека *Политичарите и носителите на јавни функции мора да се свесни за тежината на искажаните зборови и одговорноста што ја имаат пред граѓаните. Непримерната комуникација негативно се одразува на слободата на изразување, пред сѐ во чувствителни периоди како предизборните и го нарушува достоинството на медиумските работници,* а Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) во својата реакција нагласи дека *Со оваа објава, Апасиев прави обид за дискредитација на медиумот Канал 5, а со користењето на вулгарни фрази може да се поттикне говор на омраза од страна на неговите следбеници. Ваквиот начин на обраќање кон медиумите од страна на лидери на политички партии е неприфатлив и истиот може да ја загрози сигурноста на медиумските работници.*

Слично и во објава на неговиот фејсбук-профил од 22 март, Апасиев изнесува неосновани тврдења за корумпираност проследени со недолични етикети кон Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги – АВМУ, па и кон Државната изборна комисија – ДИК – *Бермудскиот триаголник, Тројниот пакт или „Оската на злото" (СДС-ДПМНЕ-ДУИ), преку своите испрдоци во Агенција за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги и Државна изборна комисија повторно се обидуваат директно да - наштетат на партијата Левица, која е единствената реална закана за нивната здивена корупција* и со тоа ја поткопуваат довербата во АВМУ и ДИК и пристрасно селектираат информации со кои се развива наратив на оцрнување на СДСМ-ДУИ-ВМРО-ДПМНЕ, кои наводно се обидуваат да - наштетат на Левица. Дополнително се забележува и штетниот наратив за негативно и непожелно странско влијание во земјата – *На овој начин, со подзаконски акт и со поддршка на странските западни амбасади, сакаат да сменат закон и да го неутрализираат феноменот Левица!*

Еден пример кој го отсликува начинот на кој Левица упатува јавни критики кон локалните власти од редовите на ДПМНЕ е видеообјава на фејсбук-страницата на партијата од 30 март, насловена „ЛЕВИЦА ПО-УСПЕШНА ВО ГРИЖАТА ЗА АЕРОДРОМ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МУЦУНСКИ", во која преку промоција на партиските волонтерски активности за поправка на „руинирано" игралиште во паркот на реонски центар во локалната заедница, го критикуваат градоначалникот на Општина Аеродром, Скопје, Тимчо Муцунски, со непроверени наводи за негрижа и корупција, со што ја поткопуваат довербата во Општината - не гледа никаков проблем во руинираните детски игралишта,... *Жалосно е што локалната самоуправа наместо за детската среќа повеќе се грижи за бизнис-зделките со кои се продуцираат бетонски чудовишта.* Со намера да се истакне разликата се развива популистички наратив на поделби и се оцрнува градоначалникот на Општина Аеродром од ВМРО-ДПМНЕ како непожелен, за сметка на промоција на сопствените идеологии и активности во служба на граѓаните – *Граѓаните ќе знаат да изберат и поддржуваат луѓе со јасна визија и цел, наместо личности кои се неспособни да ја извршуваат функцијата која им ја довериле граѓаните... За разлика од нив, главниот интерес на Левица е задоволството на нашиот народ.*

## *Алијанса за Албанците – Села (Aleanca për Shqiptarët – Sela)*

Поради внатрешни превирања околу тоа дали Алијанса за Албанците - АА да коалицира со ДУИ или со албанската опозиција, во текот на месец март се појавија две групи/фракции на партијата. Едната е предводена од некогашниот лидер Зијадин Села, а втората од сегашниот Арбен Таравари, која - се приклучи на опозицијата.

Министерот за правда Кренар Лога е меѓу функционерите кој е во АА, предводена од Села, чиј официјален владин профил е истовремено и предмет на мониторинг на ова истражување. Кај него се нотирани комуникации во кои се содржат штетни наративи кога се работи за настани, теми или прашања поврзани со изборите. Од шест нотирани објави, пет се однесуваат на внатрешната политика и една за тема здравство. Темите од внатрешната политика се изборите, меѓупартиските односи и уставните измени.

Неговата комуникација кон јавноста е фокусирана на промовирање на активностите на неговата партија, односно крилото на Алијанса на Албанците, предводена од Зијадин Села, а е критичен кон албанските опозициски партии. Кренар Лога најчесто го спомнува Зијадин Села како „лидер на сите Албанци", а себеси како „проевропски ориентиран" и како „принципиелен и чесен политичар". Својата опција ја прикажува како бранител на народот, на сопствениот национален идентитет, транспарентни, отчетни и ориентирани кон ЕУ.

Па така, во една од објавите на својот фејсбук-профил користејќи непотврдени наоди се обидува да ја поткопа довербата во коалицијата Европски сојуз за промени за кои тврди дека *има традиција да ги остава на улица партнерите на коалициите кои тие ги основаат (некои како ,,МОЖЕМЕ» , некои се самокиднапираат, некои не се одделуваат од Мицкоски, а некои не се одлепуваат од власта), исто како што ги менуваат и имињата на овие коалиции. Дополнително вели дека „печатите на АА не се во индивидуална сопственост, уште помалку на оној кој го напушти својот политички дом, а што се однесува до ултиматумите, користете ги со ВМРО, а не со Алијансата за Албанците.*

Со тоа ги претставува политичките противници како нечесни, а себеси и фракцијата на која - припаѓа како чесни политичари, транспарентни и отчетни. Но, со оглед на тоа дека не се нудат повеќе детали за наводите кои се изнесуваат, овој дискурс може да се смета за ширење популизам и промоција на сопствената политичка идеологија како подобра за граѓаните.

## *Европски сојуз за промени – ЕСП (Lidhja Europjane për Ndryshim)*

Во текот на месец март Европскиот сојуз за промени – ЕСП (Lidhja Europjane për Ndryshim), односно опозицискиот блок составен од политичките партии Алтернатива, Движење Беса и Демократско движење ја зацврстија соработката со Алијанса за Албанците предводена од Арбен Таравари за заеднички настап на претстојните избори, а Арбен Таравари е нивниот претседателски кандидат. Нивната коалиција е со назив „ВЛЕН" (н.з. „ВРЕДИ) и сѐ почести се настапите на овие политички актери во текот на месец март како дел од оваа коалиција. Покрај промоцијата на Арбен Таравари како претседателски кандидат на коалицијата, во текот на месец март нивната комуникација продолжува да биде со критики кон владејачката партија ДУИ, но и генерално на Владата. Својата политичка опција ја претставуваат како спасители и бранители на народот и дека се со граѓаните за правда и борба против корупцијата.

## *Демократско движење – Levizja Demokratike*

Од политичките актери кои се дел од ВРЕДИ се забележува поостра реторика од страна на Изет Меџити, лидерот на Демократско движење (ДД). Во фејсбук„објава за промоција на ВРЕДИ Меџити наведува дека *Сега победата на Албанците го носи името „ВЛЕН'" и дека ДУИ не може повеќе да ги претставува Албанците. Тој наведува дека на последните избори ДУИ зборувала за зелени политики, а сега за европски, односно „зборува за сè, само не за Албанците".* Тој ги критикува дека прават сојузи со *малцинските заедници само за да избегне уништување и напуштање од Албанците. Но Албанецот не е малцинство, Албанецот е ВРЕДИ (VLEN)!*

Во обраќањето се користи популистички дискурс со кој се промовира ВРЕДИ како подобра опција од ДУИ, која е на страната на Албанците. Истовремено, со величање на сопствената политичка опција и промоцијата кој повеќе работи за Албанците, се влегува во стапицата на национализмот, затоа што истовремено се става равенка помеѓу заложбите за подобрување на животот на граѓаните етнички Албанци, кои се во понудата на политичката партија, или само како промоција на политичка опција која се фокусира на тоа кој ќе биде поголем националист во очите на граѓаните.

Во фејсбук-објава од страна на лидерот на Демократско движење, Изет Меџити, се именува вицепремиерот Артан Груби како „Артан казиноман" и притоа се наведува дека тој лаже и се упатуваат навреди на негова сметка упатувајќи дека нема што да се очекува од луѓе кои во политиката *лечат детски комплекси и се тешат за тоа што никој не ги сака во политиката, колку и да се трудат?! Таквите луѓе навредуваат и уживаат во фактот што власта им овозможува да навредуваат!* Притоа се вели дека на изборите нема да го спасат неговите *ПР-експерти платени со коцкарски пари* затоа што народот најдобро знае и не гласа за „казиномани". Објавата содржи наводи за криминал и корупција кои не се поддржани со соодветни факти со што се поткопува довербата во политичкиот противник, а тој се прикажува како нечесен и неодговорен политичар.

Во друга пак објава од Изет Меџити се промовира сопствената идеологија, а се критикуваат тие *што ја уништија ДУИ, сфатија дека ја загубија власта, затоа и се занимаваат со игри на среќа и дека старите гласачи на ДУИ, кои добро ги познавам затоа што со нив сум ја делел секоја мака, не се од коцкање, туку од храброст и патриотизам.* Притоа се наведува дека гласачите на ДУИ ќе се приклучат кон победата со гласање за ВРЕДИ. Со ваквите изјави се дискредитира ДУИ какокредибилна политичка опција, а се промовира ВРЕДИ како нова свежа опција која нуди храбри политичари и патриоти.

## *Алтернатива*

Меѓу фокусот на своите објави Алтернатива, како дел од ВРЕДИ („VLEN") ги има функционерите од владејачката гарнитура од албанските партии. Во критиките кон Зијадин Села и Кренар Лога тие се претставуваат како бранители на сопствениот идентитет и се промовираат како подобрата опција за Албанците, транспарентни, европски ориентирани и на страната на граѓаните.

Во објава во која се критикуваат Зијадин Села, објавена кај Алтернатива, а како заеднички став на ВРЕДИ („VLEN"), се вели дека *Зијадин Села и Кренар Лога смислиле евтино алиби* и дека одат спротивно од волјата на Албанците и ги ставаат сопствените интереси пред интересите на Албанците кои *јасно и недвосмислено се определени да го испратат ДУИ во опозиција.*

Во друг пример се наведува дека граѓаните мора да одлучат меѓу проевропската коалиција ВРЕДИ *и корумпираната елита на ДУИ, кои НЕ ВРЕДАТ ништо, затоа што веќе 20 години ги држат во заложништво Албанците од Северна Македонија.*

Ова е чест наратив кон нив –земајќи ја улогата како претставници на мнозинство Албанци, а сите други се против волјата на Албанците. Честиот наратив „ние - доброто“ и „вие - лошото“ којшто може да поттикне поделби и да создаде нетрпеливост кон противникот е присутен кај двете политички партии и нивните лидери.

На фејсбук-страницата на лидерот на Алтернатива Африм Гаши во месец март е нотирана една објава која се однесува на парламентарните и претседателските избори. Се однесува на партиска активност во Гостивар, промоција на Арбен Таравари како кандидат за претседател на коалицијата ВРЕДИ. Во своето обраќање, Гаши вели дека албанските гласачи се соочени со избор помеѓу *корупција и доблест на чесност, меѓу морална изопаченост и етика, меѓу сиромаштија и благосостојба, меѓу миграција и дом на предците, меѓу интеграција во ЕУ и соработка со Вучиќ.* Во објавата тој својот лидер и партија ги прикажува како бранители на народот, а преку популистички дискурс тој ја промовира сопствената идеологија како поважна, подобра и во интерес на граѓаните, додека политичките противници дека работат нечесно, корумпирано и под влијание на српскиот претседател Вучиќ.

Темата за странско влијание, освен во примерот со српскиот претседател, ВРЕДИ („VLEN“) ја има искористено и во критика објавена за претседателскиот кандидат на ДУИ Бујар Османи. Во објавениот став се критикува Бујар Османи за неговата работа, наводно за коруптивно работење, за нетранспарентност и за нечесност. Тој во објавата е именуван како „пациентот Османи“, при што терминот „пациент“ е терминот под кој се водеше истрагата од страна на Специјалното јавно обвинителство за Османи како поранешен министер за здравство.

Исто така се вели дека тој не може да тврди дека е проевропски политичар затоа што *беше првиот политичар на нашиот континент кој по руската агресија во Украина ја отвори вратата и во Скопје ја пречека десната рака на Владимир Путин, Сергеј Лавров. Што имаш да зборуваш за Европа кога ќе ја отвориш вратата на Русија, пациенту Османи?*

## Мониторинг на официјални канали за комуникација на владини претставници

Мониторингот ги опфаќа и официјалните фејсбук-страници на владините функционери со цел да се утврдат нивните комуникациски практики, односно дали се служат со штетни наративи. Се забележува дека владините функционери кои се истовремено и партиски функционери продолжуваат со практиката да користат само еден фејсбук-профил преку кој комуницираат со јавноста за нивните активности, без разлика дали се партиски или се во својство на владини функционери. Нотирано е дека владините функционери не употребуваат штетни наративи, но забележително е присуството на објави во коишто министрите споделуваат партиски информации.

На фејсбук-страницата на претседателот на преодната Влада **Талат Џафери** во текот на месец март се постирани 93 објави, во мониторираните денови – 41 објава, при што не се нотирани штетни наративи. Се забележува дека претседателот на преодната Влада Талат Џафери ја користи официјалната фејсбук-страница за објава и на активности како премиер, но и за промоција на партијата од која доаѓа. Па така меѓу објавите се информации за поддршка на Бујар Османи како кандидат за претседател, посетата на споменикот на ОНА во Преказа, Косово, ифтарска вечера со претседателот на ДУИ Али Ахмети, преноси во живо од партиски активности, вести за коалицирањето на ДУИ со други партии итн. Мониторингот нотира дека редовните активности како технички премиер, кои се објавуваат на албански и на македонски јазик, честопати се со превод на англиски јазик, а поголемиот дел од објавите кои се однесуваат на партиско-политичките активности најчесто се објавуваат само на албански и на англиски јазик.

На фејсбук-страницата на **Бојан Маричиќ**, првиот заменик на претседателот на Владата, во март се постирани 103 објави, а во мониторираните денови 54 објави, од кои не се нотирани објави со штетен

наратив. И кај Маричиќ, слично како другите владини функционери, фејсбук-страницата се користи за промоција на партиско-политички активности. Покрај редовните објави за неговите активности како прв заменик на премиерот, во објавите се нотирани содржини за партиски средби со граѓани, поддршка на кандидатот за претседател поддржан од СДСМ, Стево Пендаровски, промоција на ставови на СДСМ, активности на подмладокот на СДСМ со претседателот на СДСМ Димитар Ковачевски, како и поддршката што ја добил на партискиот конгрес за кандидат за пратеник во изборната единица бр. 1.

**Славица Грковска**, заменичката на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење, има 35 објави на фејсбук-страницата во месец март, од кои 19 се во мониторираниот период. Не се забележани штетни наративи, а единствена злоупотреба на официјалната владина фејсбук-страница што таа ја има како функционер, се информациите за партиската активност од осмомартовски марш на СДСМ во Кавадарци.

На фејсбук-страницата на министерот за надворешни работи **Бујар Османи** во текот на месец март се постирани 156 објави, во мониторираните денови 85 објави, а меѓу нив не се нотирани штетни наративи. Министерот Османи речиси целосно се посвети на неговата кандидатура за претседателските избори и официјалната фејсбук-страница главно ја користи за комуницирање на партиски позиции и предизборна кампања со лична промоција и објавувајќи информации за негови средби и активности како кандидат.

Практиката да се користи официјалната фејсбук-страница како владин функционер за промоција на партиски активности се забележува и кај министерката за одбрана **Славјанка Петровска**. Во текот на месец март се постирани 41 објави, од кои во мониторираните денови се 25 објави, а не се забележани штетни наративи. Додека пак се забележуваат објави за промоција на партиско-политички активности. Меѓу нив се осмомартовски марш кој го организира СДСМ, поддршка за кандидатот за претседател Стево Пендаровски, промоцијата на новата партиска понуда за парламентарните избори на СДСМ итн.

Кај **Панче Тошковски**, министерот за внатрешни работи во преодната Влада, во текот на месец март се забележани 111 објави, од кои 54 се во мониторираниот период. Штетни наративи не се забележани, но се нотирани објави за партиска и религиска пропаганда. Покрај објавите за активности како министер за внатрешни работи, нотирани се објави за поддршка на кандидатката за претседател Гордана Силјановска-Давкова, како и објави за посети на верски објекти, практика која ја имаше и неговиот претходник, Оливер Спасовски. Во секуларна држава, каде што црквата и државата се одвоени, не се очекува од владини функционери да се промовираат во посета на верски објекти од одредена религија, кои не се поврзани со работата на функционерот, кој треба да ги застапува интересите на сите граѓани без разлика на верска, политичка или каква било друга лична определба.

Кај министерката за животна средина и просторно планирање, **Каја Шукова**, во март се постирани 18 објави, а во мониторираните денови – 11 објави. Штетни наративи не се утврдени. Како и нејзините колеги така и министерката Шукова ја користи фејсбук-страницата за партиска пропаганда. Промовирани се партиски активности како традиционалниот осмомартовски марш што го организирал СДСМ, поддршка на кандидатот за претседател Стево Пендаровски, програмата на СДСМ за претстојните парламентарни избори.

Кај останатите владини функционери не се нотирани штетни наративи во мониторираниот период.

Трендот владините функционери да ги користат официјалните владини фејсбук-страници за партиско-политички активности се забележува постојано во периодот на мониторинг. Практикувањето на овој пристап не претставува професионален пристап во комуникацијата кон јавноста, со оглед на тоа дека од владините претставници се очекува на официјалните комуникациски канали да објавуваат содржини поврзани со работата на Владата, одлуките што ги носи, политиките кои ги креира, законите што ги предлага и како работи во полза на јавниот интерес и во полза на граѓаните. Со партиска промоција на официјалните фејсбук-профили, премиерот и министрите директно ги прекршуваат начелата на профе-

сионалност и непристрасност во комуникацијата на владините претставници, но се прекршува и владиниот Етички кодекс за јавни службеници. Донесен од Владата на РМ, Кодексот содржи обврска јавните службеници да ги извршуваат работните задачи на политички неутрален начин, да не го застапуваат своето политичко уверување во вршењето на работните задачи, ниту да вршат политички активности кои можат да влијаат на довербата на граѓаните во нивната способност да ги извршуваат работните задачи на непристрасен начин.

За промоција на партиските активности потребно е да постојат посебни комуникациски канали на кои ќе се комуницира со целните публики и на начин кои се одредени со комуникациската стратегија што ја применува одредена партија како политичка опција.

## 1.2 РЕЗИМЕ

Следењето на комуникациските практики на политичките актери во текот на месец март покажува дека политичката комуникација е ставена во служба на изборите. Иако во месец март сè уште не е започната кампањата за претседателските избори од кои првиот круг ќе се одржи на 24 април, а вториот на 8 мај, во ист ден со парламентарните избори. Но, со оглед на тоа дека во овој месец течат изборните рокови за подготовка на изборите, се утврдуваат кандидатите за претседателските и парламентарните избори, јавниот дискурс е со голем фокус на изборите. Кај скоро сите политички субјекти кои се предмет на мониторинг се забележува дека постои тренд да се претставаат дека тие се на страната на народот, дека ги застапуваат нивните интереси за разлика од политичките противници и дека тие се подобрата понуда на претстојните избори. Сепак, во споредба со претходните два месеца, се забележува зачестена јавна комуникација, но и значително намалување на штетноста во комуникацијата на политичките партии (во март вкупниот процент на штетност е 8,3 проценти, во февруари процентот на штетност е 28,2 проценти, додека во јануари штетноста изнесува 50,3 проценти).

Главните актери и наративи остануваат непроменети. СДСМ штетните наративи ги насочува кон ВМРО-ДПМНЕ, додека главната опозициска партија најчесто ги насочува штетните наративи кон владејачките СДСМ и ДУИ. Левица ги насочува штетните наративи кон СДСМ и ДУИ како владејачки партии, како и кон ВМРО-ДПМНЕ. Европскиот сојуз за промени, сега проширени и обединети во коалицијата ВРЕДИ како главен актер ги имаат ДУИ, кои упатуваат критики на албанската опозиција.

Во јавниот дискурс на интернет- и на фејсбук-страниците на политичките актери во Македонија, најчесто се користи реторика во која се изнесени наводи за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, кои се користат како основа за обвинување на политички противници, поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање на податоци што доведува до погрешни заклучоци и поттикнување општествено-политички поделби во јавноста.

Во месец март зголемена е употребата на популизмот, промоцијата на сопствената идеологија како подобра од таа на политичкиот противник, служејќи се со популистички дискурс, напаѓајќи ги политичките противници. СДСМ ги напаѓа своите противници како антиевропска опција. Ваквата теза е дополнително зајакната со слоганот што партијата го промовираше во текот на месец март за претстојните избори „Нема откажување од иднината“, при што тие тврдат дека нудат европска иднина за Македонија.

Преку користење на популистички дискурс, ДУИ се промовира како опцијата која е на страната на граѓаните, проевропска и која ги застапува вистинските вредности како бранител на народот. Кампањата која ја води ДУИ за изборите почива на тезата за странско влијание „ДА за ЕУ – НЕ за Русија“ со која се претставува дека државата е во опасност на руското влијание и дека со правилен избор (н.з. изборот за ДУИ) државата ќе се придвижи кон ЕУ, а ќе се оттргне од Русија. Албанската опозиција обединета во ВРЕДИ („VLEN“) се промовира како подобра опција од ДУИ, која е на страната на Албанците.

Притоа, кај албанските партии се забележува тенденцијата сопствената политичка опција да се промовира како опција која е подобра за Албанците, со што се влегува во стапицата на национализмот, затоа што истовремено се става равенка помеѓу заложбите за подобрување на животот на граѓаните етнички Албанци, кои се во понудата на политичката партија, или само како промоција на политичка опција која се фокусира на тоа кој ќе биде поголем националист во очите на граѓаните.

Со остри напади и недолични етикети, како и осврнување на многу различни теми со критики кон централната и локалната власт, Левица и лидерот Апасиев се обидуваат да се позиционираат како единствената политичка опција која не е корумпирана и има намера да ги заштити националните интереси и да го порази естаблишментот на „коалицијата СДСМ-ДУИ-ВМРО". Со кандидирањето на Пендаровски за втор мандат, Левица става сериозен фокус на демонизација на претседателот Пендаровски, а се забележува и недолична комуникација во критиката кон националниот медиум Канал 5 ТВ, АВМУ и ДИК.

Како спасител на народот се претставува и ВМРО-ДПМНЕ, која продолжува со заострени напади кон СДСМ и власта на „СДС и ДУИ" со особен фокус месецов на оцрнување на Стево Пендаровски преку манипулативни аудио-визуелни содржини, кого главно го обвинуваат за наводно застапување на штетните бугарски политики кон нашата земја. Слично како и Левица, ВМРО-ДПМНЕ популистички ветува дека ќе ги брани националните интереси, ќе го врати националното достоинство и ќе ја врати државата назад во рацете на граѓаните.

Со оглед на тоа дека настапува изборниот период, се нотира зголемена употреба на популистички дискурс кај политичките актери. Но, популизмот како штетен наратив придонесува за замаглена слика во јавноста за тоа што всушност работат политичарите и какви ставови имаат за одредени прашања со што им се оневозможува на граѓаните да формираат вистинска слика за општествените случувања и политичката понуда, а со тоа и да направат искрен избор при практикување на своето демократско право, а тоа е правото на глас.

Темата за малигно странско влијание не е нова во македонското општество и е често истражувана и дискутирана во јавноста. Но кога политичарите кои имаат одговорност да ја водат државата или пак претендираат да ја водат државата посочуваат на странско влијание во земјата, потребно е да ги посочат точките каде е влијанието и каде е опасноста со цел на граѓаните да им биде јасно како е поврзан изборот со гласање за одредена политичка опција со изборот меѓу ЕУ и Русија, со цел граѓаните да бидат соодветно информирани за да го направат вистинскиот избор на гласањето. Во спротивно, доколку не се нудат аргументи, податоци, доколку не се илустрира каде е странското влијание, се остава впечаток дека станува збор за популистичка теза која е наменски создадена само за политички маркетинг за претстојните избори.

Во таа смисла, политичките актери е потребно да го почитуваат Начелото на комуникација базирана на докази. Манипулативниот говор, кој ги вклучува дезинформациите, неточните информации и злонамерните информации, може сериозно да влијае врз демократските процеси и во изборите, преку создавање и ширење лаги, напад врз личности, што може да резултира со намалување на довербата во изборниот процес и во институциите. Оттука, важно е политичарите и јавните службеници да не користат дезинформации и да споделуваат само проверени информации при својата комуникација.

# 2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери

## Извештај за мониторингот на известувањето на онлајн-медиумите за политичките актери




Мониторингот на интернет-медиумите во **месец март (реализиран во осум денови од месецот) утврди 224 прилози со штетни наративи**, бројка која во континуитет, во последните четири месеци, надминува 200 такви прилози месечно. Тематски, тие, исто така, доминантно се однесуваат на внатрешната политика, а овојпат фокусот е на веќе започнатата предизборна кампања за претседателските и за парламентарните избори, за претседателските кандидати, програмите на политичките партии, предизборните коалиции, уставните измени, најновата „црна листа“ од САД, ЕУ-интеграцијата на земјата, а нешто помалку борбата против корупцијата, економијата, правосудството, здравството.

Жанровски, најбројни се партиските соопштенија (89 прилози или 39,7 %) и говорите на политичарите (49 прилози или 21,9 %). Тие заедно со пренесените фејсбук-статуси, изјавите на политичарите на дебатни емисии или интервјуа на телевизиски станици и информативни агенции (11 прилози или 4,9 %) покриваат 2/3 од сите анализирани прилози. Следат извештаите (28 прилози или 12,5 %) и вестите/вестите со изјави (29 прилози или 12,9 %), а поретки се интервјуата, анализите или коментарите . Најголемиот број од овие прилози имаат прецизни извори (207 прилози), а ретко, дури и инцидентно, нејасни и непрецизни, но најчесто тоа е само еден извор (179 прилози). Медиумите еднострано известуваат (само една страна, односно 191 прилог), а поводот за објавување на прилозите најчесто се псевдонастаните или конференциите за печат, изјавите на политичките актери (112 прилози или 50 %), а помалку актуелните настани (63 прилози) или општествените случувања (23 прилози). Многу мал е бројот на прилози потпишани со име и презиме или инцијали на авторот/новинарот (22 или 9,8 %), наспроти оние без автор (197 прилози или 87,9 %).

**Порталот Курир се издвојува со најголем број прилози со штетни наративи (42 прилози), а го следи Независен (35 прилози).** Дури потоа се А1он и Република, кои во претходниот период беа на прво/второ место. Исто така, сменет е редоследот и на порталите со најмалку прилози со штетни наративи, односно во претходните анализирани месеци Нова ТВ константно е со најмал број прилози со штетни наративи, а - се придружуваат Слободен печат или Тетова Сот, а овојпат покрај Нова ТВ тоа е и Локално.

Табела 4. Прилози со штетни наративи во март 2024




Жанровската структура ја сочинуваат две доминантни форми. Тоа се партиските соопштенија и пренесените говори на политичарите, нивните фејсбук-статуси, интервјуата дадени за други медиуми и прес-конференциите. Тие доминираат во Курир (во 35 од вкупно 42 прилози) и речиси исклучиво се преземени/пренесени од партијата ВМРО-ДПМНЕ, од изјавите на нејзиниот претседател, пратениците, портпаролите, дури и од нејзините министри и заменици во техничката Влада. Тука е и А1он кој со 22 прилози (од вкупно 23) информативно најмногу се потпира на партиските соопштенија и говорите на политичарите, но, покрај доминацијата на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, простор е отстапен и на другите политички субјекти, како ДУИ, Коалицијата „ВРЕДИ“, движењето „Знам“. Следат МКД (со 16 од вкупно 20 прилози) со доминација на ВМРО-ДПМНЕ, Вечер (со 14 од вкупно 20 прилози) и Република (со 14 од вкупно 21 прилог) исклучиво „потпирајќи“ се на ставови, соопштенија од ВМРО-ДПМНЕ, како и Независен (со 18 од вкупно 35 прилози) каде покрај ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, од политичките субјекти се присутни и ДУИ, Левица, коалицијата „ВРЕДИ“, Алијансата на Албанците и Демократскиот сојуз. Се издвојува Нова ТВ која не само што има најмал број прилози со штетни наративи, и ниту еден не е партиско соопштение или пренесен говор на политичар, туку најчесто се вести/вести со изјава. Исто така, во Слободен печат прилозите со штетните наративи (16) доминираат во вестите (7 прилози) и во извештаите (4 прилози).

**Табела 5. Прилози со штетни наративи според жанровска структура во март 2024**




| | Курир | Независен | А1он | Република | Вечер мк | МКДмк | Тетова сот | Алмакос | Слободен печат | Нова ТВ | Локално |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Друго | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| Интервју | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Коментар | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Анализа/коментар | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 |
| Аналит. репор. прилог | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Извештај | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 4 | 6 | 5 | 4 | 0 | 0 |
| Вест/вест со изјава | 4 | 3 | 1 | 5 | 3 | 0 | 1 | 1 | 7 | 4 | 0 |
| Пренесено соопштение | 17 | 7 | 16 | 9 | 12 | 10 | 6 | 9 | 1 | 0 | 2 |
| Пренесен говор на политичар | 12 | 9 | 6 | 5 | 2 | 6 | 4 | 1 | 2 | 0 | 2 |

Доминантна тема во сите интернет-портали, без оглед на бројот на прилози со штетни наративи, е внатрешната политика. Тоа е најзабележително во Слободен печат (во 15 од вкупно 16 прилози) и Нова ТВ (во 6 од вкупно 7 прилози), каде внатрешната политика е речиси единствена тема, додека во Алмакос внатрешната политика доминира со 13 прилози (од вкупно 16), во Тетова Сот со 14 (од вкупно 17), а во Локално со 5 (од вкупно 7). Во Курир и Независен, портали со најголем број прилози со штетни наративи, исто така, тематски во фокусот е внатрешната политика (во Курир од 42 такви се 27 прилози, а во Независен од 35 такви се 24 прилози), но внимание е посветено и на економијата, криминалот и надворешната политика. Во останатите портали, МКД.мк, А1он, Вечер и Република, каде половината анализирани прилози информативно ја покриваат внатрешната политика, не е мал бројот и на теми од областа на економијата, криминалот и корупцијата.

Темата внатрешна политика, и овојпат, најчесто е покриена преку партиските соопштенија и/или ставовите, изјавите на политичките субјекти (преземени од други медиуми или од прес-конференции). Тие се кратки, содржински празни, но полни со штетни наративи, а неретко и со уочливи не/намерни грешки во насловите, содржината, имињата на политичките актери, со повеќе исти прилози во ист ден со иста содржина. Неколку карактеристични примери:

- *Катица Јанчева стана фабрика за рекет, уценетиот Јакимовски одработи за заташкување на случајот пред судството на СДС, но не се спаси од црната листа,* прилог – партиско соопштение, составено од неколку кратки пасуси и целосно преземено (и насловот и текстот) од интернет-страницата на  ВМРО-ДПМНЕ. Поводот е објавувањето на последната црна листа на САД за корупција со имињата на претседателскиот кандидат Стевче Јакимовски и поранешната претседателка на СЈО, Катица Јанева. Она што паѓа в очи е погрешно напишаното име на претседателката на СЈО („Јанчева", а не Јанева) во насловот на прилогот, резултат на автоматското преземање на соопштението на ВМРО-ДПМНЕ без какви било интервенции и корекции, па макар и само јазични и лексички. Двајцата актери, но и сите кадри на „коалицијата СДС и ДУИ", според ВМРО-ДПМНЕ, завршуваат на црната листа на срамот и криминалот, а двете партии се *фабрика за криминал, корупција и производство на манипулации.* (извор, **Курир, 19.3.2024**). Истиот прилог во идентична форма и содржина и истиот ден е објавен и во Вечер.мк (со името Јанчева) и Република (со коригираното име Јанева), но и во бројни други портали (со коригирано име Јанева).
- *ВМРО-ДПМНЕ го обвини за непотизам министерот за здравство,* прилог составен од два пасуса, интегрално преземени од партиското соопштение на ВМРО-ДПМНЕ. Но, сменет е долгиот наслов од партијата *Непотизмот во здравството продолжува и со петтиот министер за здравство – има вработувања на цели семејни лози, нема решавање на статусот за медицинскиот кадар кој со години е на договор за дело,* и за јавноста да знае за кој министер се работи дадена е и фотографија на актуелниот министер за здравство, со објаснување под фотографијата – министерот за здравство Илир Демири и во заграда дека фотографијата е од самиот портал. Во текстот, според ВМРО-ДПМНЕ, ресорот здравство е „дувло на непотизам", што ќе рече живеалиште (пештера), собиралиште каде (во преносно значење) се собира сомнителен свет. Притоа, се наведуваат имиња и клиники каде се вработени сопруги, браќа, синови, ќерки на сегашниот и на поранешните министри, а „Владата на СДС и ДУИ" се смета за одговорна за егзодусот на медицинскиот кадар  (извор, **Независен, 27.3.2024**).
- Лефков: *Пендаровски лажеше дека нема видено француски предлог, за потоа да каже дека тој го пишувал во Скопје,* прилог од прес-конференцијата на пратеникот и член на извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, Миле Лефков, во кој, во неколку пасуси, го повторува кажаното во насловот, за Стево Пендаровски (без ословување иако сѐ уште е претседател на државата) кој е „лажго" (дека не го видел францускиот предлог, а потоа дека го пишувал) и го оквалификува како „конфузен политичар и манипулатор" кој не мисли на Македонија, а заедно со СДС се извор на сите проблеми кои Македонија ги имаше изминатите години. Во прилогот понатаму се вели дека пратеникот Миле Лефков пуштил и видео и порачал дека Стево Пендаровски е политичар без став. Но, во прилогот го нема видеозаписот. Затоа, пак, истиот ден порталот ќе објави идентичен прилог, со иста содржина и со две фотографии на претседателот Пендаровски од 2022 година (на едната веројатно на настап во Канал 5) и под нив, во првата *значи, ние, во Скопје тука немаме видено француски*

*предлог* (од 16 јуни), а во втората *па ја ги работев сите тие документи* (од 30 јули), како и видеозаписот (како дел од прес-конференција) каде двата исказа се споени, „монтирани" во еден, од што читателот би требало да заклучи дека тој, како што вели, ги работел сите документи заедно со сите други и дека францускиот предлог на крај, заедно со Макрон, тие две-три точки тој ги работел. Што да мисли, што да разбере читателот, зошто снимките се споени, што се зборувало на тие настапи, кој бил контекстот, конечно тоа се јавни настапи и јавноста била информирана, а сега се реагира? Освен тоа, ако се погледне времето кога прилозите се објавени, токму овој вториот, „детален" прилог (со сите додатоци, фотографии, видеозаписи) е прв објавен, а неколку часови подоцна следува „скратената" верзија на прилогот каде се најавува и видеозапис како поткрепа на дадените оцени за претседателот Стево Пендаровски. Нејасно е зошто воопшто била објавена оваа верзија на прилогот, дали тоа е ненамерна грешка или е до редакцијата на порталот (извор, **Република, 19.3.2024**).

- Прилогот „Ковачевски ги соопшти носителите на изборните листи за парламентарните избори" и прилогот Ковачевски: „Изборната програма на СДСМ е јасен, конкретен и издржан план за иднината на Македонија", од преземени (партиски) соопштенија за јавноста од интернет-страницата на СДСМ, во кои, според насловот, претседателот на партијата, Димитар Ковачевски, на Конгресот на партијата, ќе ја презентира изборната програма за наредните четири години, како и носителите на изборните листи на СДСМ. Но, потоа (истиот ден, од истиот настан) ќе следат уште два (кратки) прилога, исто така преземени од интернет-страницата на СДСМ и од обраќањето на Димитар Ковачевски. Едниот „Нема откажување од иднината – завршени преговори до 2027 г. и членство во ЕУ до 2030 г.", во кој Ковачевски зборува за европскиот пат на партијата од кој нема откажување и вториот „Нема промени, ДПМНЕ како што ги фалсификуваа анкетите така се обидоа да фалсификуваат и потписи", во кој политичкиот опонент ВМРО-ДПМНЕ го оквалификува како „партија на лаги и невистини" која ги лажира и фалсификува анкетите, а сега *нема собрано валидни потписи за Силјановска (за претседател) и кандидатурата ја поднесе со 40-тина потписи од пратеници.* Прашањето е зошто овие два последни прилога - се презентираа на јавноста, затоа што се објавуваат сите соопштенија што партиите ги испраќаат до медиумите, но не и во конкретниот случај бидејќи тој ден од Конгресот на партијата, СДС има испратено дури 9 соопштенија, а порталот презел четири. Кој е критериумот што, како, колку ќе се објавува - јавниот интерес? (извор, **А1он, 23.3.2024**)

Поводот за објавување на прилозите со штетни наративи најчесто се псевдо- и актуелните настани. Утврдени се 112 прилози како псевдонастани (50,0 %), односно тоа се јавните соопштенија на политичките партии, прес-конференциите, изјавите и реакциите на политичките субјекти (политичарите, портпаролите, пратениците, градоначалниците, членовите на политичките партии). Ако кон нив се додадат прилози креирани од гостувања на политичките субјекти во други медиуми (11 прилози), вкупната бројка на псевдонастани покрива повеќе од половината на сите анализирани прилози (54,9 %). Актуелни и актуелни планирани настани се 1/3 од анализираните прилози (73 или 32,8 %). Притоа, псевдонастаните се најбројни во порталите Курир и Република, потоа следат во Вечер и Тетова Сот, во Алмакос - тоа се актуелните, додека А1он балансира меѓу актуелните и псевдонастаните. Независен, покрај големиот број актуелни настани (најголем од сите други анализирани портали) има и најголем број прилози чиј повод се општествените случувања/теми.

## Политичките актери во анализираните прилози

Бројни се актерите застапени во прилозите со штетни наративи во интернет-медиумите. Но, доминираат оние се два (55 прилози или 24,64 %) и три актери (61 прилог или 27,2 %), а потоа прилозите со четири актери (28 прилози или 12,6 %). Во однос на застапеноста на политичките актери, најприсутни се колективните, односно политичките партии, а далеку помалку индивидуалните. Така, во порталите Курир и Независен со најголем број прилози со штетни наративи, доминираат ВМРО-ДПМНЕ, а дури потоа СДСМ и власта, а од индивидуалните, претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, додека во Независен претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски и претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ Гордана Силјановска-Давкова. Вечер ги апострофира СДСМ и ДУИ, а потоа Стево Пендаровски, додека во Република најзастапена е власта, по-

тоа ВМРО-ДПМНЕ, а од индивидуалните Христијан Мицкоски и Стево Пендаровски. Во Локално и А1он доминираат два субјекта, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, во МКД.мк ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и СДСМ, додека во Локално единствени застапени субјекти во прилозите се ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Во Слободен печат предност имаат ВМРО-ДПМНЕ и Стево Пендаровски, додека во Тетова Сот тоа се ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, а во Алмакос - ДУИ, владината коалиција и коалицијата ВРЕДИ.

Во целина, како и во досегашните анализи, најзастапен политички субјект во интернет-медиумите со прилози со штетни наративи е опозициската ВМРО-ДПМНЕ, а зад неа СДСМ, а од политичарите претседателот и претседателски кандидат Стево Пендаровски, а дури потоа Христијан Мицкоски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Нивното претставување, како и претставувањето на другите политички субјекти застапени во анализираните прилози, е различно од портал до портал, но сепак најчесто за политичките актери се зборува во контекст на конкретната тема. Така е во Вечер и Нова ТВ, додека во Алмакос, Република и Локално, каде освен што за актерите се зборува во контекст на темата, исто така, тие и се цитираат. А1он и Независен, пак, покрај цитирањето и зборувањето за актерите во контекст на темата, ретко и инцидентно прибегнуваат и кон парафразирање на политичките актери. Кај останатите портали, Тетова Сот, Курир, Слободен печат и МКД.мк речиси подеднакво, а особено кога се работи за најзастапените актери, тие и се цитираат и се парафразираат и за нив се зборува во контекст на темата. Кога е во прашање оцената за политичките актери, доминираат негативните оцени, но искажани од друг политички субјект, додека новинарот е речиси исклучиво неутрален. Најмногу негативни оцени се упатени кон партиите ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, а од политичките актери кон претседателскиот кандидат Стево Пендаровски. Така, во Вечер најмногу негативни оцени има „заработено" СДСМ, а зад него се ДУИ и Стево Пендаровски, во Курир власта и Стево Пендаровски, во Република власта, а потоа СДСМ, во Локално ВМРО-ДПМНЕ, во Независен ВМРО-ДПМНЕ, а потоа Христијан Мицкоски и власта, во А1он ВМРО-ДПМНЕ, а потоа Стево Пендаровски, во МКД.мк СДСМ и ДУИ, а потоа ВМРО-ДПМНЕ, а во Слободен печат ВМРО-ДПМНЕ. Позитивните оцени се далеку поретки, но главно тогаш кога политичките актери зборуваат за себе, а забележително во Тетова Сот од ДУИ, во А1он од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, во Слободен печат од Димитар Ковачевски и во МКД.мк од ВМРО-ДПМНЕ и Димитар Ковачевски.

## Новинарскиот (не)професионализам

Едностраното информирање е константа во интернет-медиумите. И овој месец мониторингот утврди дека речиси нема портал во кој освен **една страна (а такви се 191 прилог или 88,8 %)** да се консултираат две или повеќе страни. Во Вечер, Курир, Република, Нова ТВ, Локално, А1он и МКД.мк сите прилози, освен еден (во кој се консултирани две страни), имаат еден извор. Се издвојуваат Тетова Сот и Алмакос со по неколку прилози со консултирани две страни, а Слободен печат и Независен и со две и со повеќе страни.

Иста е сликата и кога се работи за изворот на информации, односно порталите најчесто се потпираат на еден **извор (179 прилози), кој најчесто е прецизен (207 прилози),** а ретки се нејасните или непрецизните извори, што пак е во директна корелација со доминацијата на прилози од преземените партиски соопштенија и говорите на политичарите. Во Тетова Сот, Нова ТВ, Локално и А1он еден и единствен извор е главниот актер што се јавува во прилогот. По некој нејасен или непрецизен извор се среќава кај Курир, Независен, додека Вечер, Курир, Тетова Сот, МКД.мк имаат и извори (иако малку) и од други медиуми, најчесто од телевизиски станици, но и весници и информативни агенции.

**Табела 6. Вид извори според онлајн-медиуми во март 2024**




| | Нова ТВ | Локално | Алмакос | Слободен Печат | Тетова Сот | Република | МКД.мк | Вечер МК | А1Он | Независен | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нејасни | | | | | | | | | | 1 | 2 |
| Непрецизни | | | | | | | 2 | | | 3 | 5 |
| Прецизни | 6 | 7 | 16 | 16 | 16 | 20 | 18 | 17 | 23 | 31 | 37 |
| Новинарот како извор | | | | | | | | 1 | | | |
| Друг медиум | | | | 1 | 3 | 1 | 2 | 4 | | | 4 |

Што се однесува до **визуелизацијата**, нема портал без фотографија, било актуелна било архивска, неретко и повеќе, но вообичаено тие се необележани, со исклучок на Слободен печат каде е даден опис на фотографијата и изворот, а повремено и во Независен со името на фоторепортерот. Курир се издвојува со најголем број архивски и актуелни фотографии, како и видеоизјави. Во Вечер, Независен, А1он и Република најбројни се архивските фотографии, а во МКД.мк актуелните. Во тој контекст следат неколку впечатливи примери за користењето, зло/употребата на визуелизацијата:

Во прилогот „Кој ќе загуби на изборите да го снема од политичката сцена", според содржината е повик (кога, каде?) на министерот за економија, Крешник Бектеши од партијата ДУИ, лидерите на партиите да потпишат договор со кој тие што ќе изгубат ќе се обврзат да ја напуштат политичката сцена. Во прилогот се дадени коментари на повикот од претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николоски, претседателот на Алијанса за Албанците, Арбен Таравари, а за Али Ахмети зборува министерот Крешник Бектеши. Притоа, во прилогот е дадена колаж-фотографија на четири политички лидери, под која пишува „Ковачевски, Мицкоски, Ахмети, Таравари. Фото Колаж/Слободен печат". Исто така, на почетокот на прилогот јасно стои името и презимето на авторот/новинарот. (извор, **Слободен печат, 15.3.2024**)

Прилогот „Пендаровски тврдеше дека е ван памет да се менува Уставот по барање на Бугарија, а денес е главен поборник за промена – зборовите на овој човек треба да се земаат со резерва", партиско соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, во кое го напаѓа претседателот Стево Пендаровски како човек кој *едно кажува до пладне, се дообјаснува напладне, а вечерта веќе се демантира* (поврзано со промената на македонскиот Устав), арогантен, човек кој лаже, без достоинство, дигнитет, кредибилитет и интегритет, и тоа го поткрепува со визуелизација – графичка слика и видеозапис од 2020 година. На графичката слика на црна подлога на десната страна е неговиот лик, а на средина, со бели букви, испишано „ПЕНДАРОВСКИ СТЕВО ВЕЛЕШЕ ДЕКА НИКОЈ ОД БУГАРСКА СТРАНА НЕМА ПОБАРАНО ПРОМЕНИ ВО УСТАВОТ", а во видеозаписот исечок од негово гостување на Телма ТВ во траење од 20 секунди каде се повторуваат

неговите зборови од графичката слика. Неколку дена подоцна ќе се огласи медиумскиот штаб на претседателскиот штаб на Стево Пендаровски укажувајќи на објавувањето на ВМРО-ДПМНЕ на манипулативни видеа во кои од контекст се извадени изјавите на претседателот Пендаровски. (извор, **Курир, 7.3.2024**)

Прилогот „Пендаровски го погази достоинството на народот и на Македонија (ВИДЕО)", соопштение од ВМРО-ДПМНЕ, всушност е продолжение на нападите кон претседателот Стево Пендаровски, овојпат поврзано со мешовитата историска комисија со Бугарија, и кон него како човек кој го изгубил својот интегритет и кредибилитет и го погазил достоинството на народот. Овојпат, покрај графичката црна слика на која со бели букви пишува „ПРОЦЕНЕТЕ САМИ КАКВА ЛИЧНОСТ Е СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ", даден е „монтиран видеозапис" од два настапа на Пендаровски, едниот на Канал 5, а вториот на ТВ 21 (за кој се вели дека е од јули 2022). Притоа, и тука останува отворено прашањето за контекстот што произлегува од монтираниот видеоматеријал. Овој прилог ќе го објави и порталот Република со иста содржина и визуелизација. (извор, **Курир, 15.3.2024**)

## Доминантни штетни политички наративи

Овој месец се утврдени 224 прилози со штетни наративи и со 338 објави (зборови, реченици, формулации, пасуси, наслови на прилози). Тоа е најзабележително во порталите Курир, А1он и Независен. Фокусот доминантно на тврдења за корумпираност, непристрасност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тврдењата, како и на непроверени/тешко проверливи наоди како основа за обвинување на политичките противници (149 случаи), како и на употреба на негативни зборови, етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (40 случаи). Тоа се прилози во кои се поткопува довербата во институциите, пристрасно се селектира и се напаѓа, демонизира одредена личност, што е перманентно присутно и во целиот мониториран процес во интернет-медиумите.

Во исто време, продолжува практиката на креирање повеќе прилози од еден настан, но со намалено темпо, несомнено поради зголемената динамика на активности на политичките актери во предизборната кампања што го исполнува просторот за дневно медиумско информирање и покривање. Сепак, одредени настани, појави, активности на политичките актери, а особено оние „обоени" со негативна реторика, се мултиплицираат во интернет-просторот, односно медиумите ги преземаат едни од други (не/проверени), а поради „актуелноста" и во трка со времето ги објавуваат информациите, неретко не трудејќи се да го сменат насловот (особено ако е „бомбастичен") на прилогот, па дури ни неговата содржина или визуелизација. Неколку карактеристични примери:

**Курир**, со два прилога, објавени на 23.3.2024, пренесува информација за тоа што се случува во СДСМ, односно на состанокот на Извршниот одбор на партијата на кој се разговара за пратеничките листи на партијата за парламентарните избори. Првиот, под наслов „ТЕНЗИЧНА АТМОСФЕРА ВО СДСМ: Оливер Спасовски и Дарко Каевски демонстративно го напуштија состанокот на партијата", е составен од само две реченици. Во првата се цитира Клан ТВ која дознава дека атмосферата била тензична, со огромно незадоволство од „самоволието" на претседателот Димитар Ковачевски и наметнувањето на листи на кои нема голем дел од најистакнатите членови на СДСМ, а во втората Курир дознава од „свои извори" дека состанокот разочарано го напуштил и директорот на Царина, Стефан Богоев. Неколку часа подоцна, порталот ќе објави нов прилог, „ТВ 24 дознава: Каевски побарал да биде тргнат од листата поради незадоволство од позицијата" со текст од неколку реченици, повторување на веќе кажаното, за атмосферата, реакциите на предложените листи, со една додадена реченица за незадоволството на Дарко Каевски, содржана и во насловот на прилогот. Притоа, тука Курир и во насловот и во прилогот нагласува дека изворот е ТВ 24, поткрепено со фотографија (скриншот) на листа на две изборни единици на СДСМ. (извор, **Курир, 23.3.2024**)

Вечер, во прилогот „Димитриеска-Кочоска алармира за катаклизма: БУЏЕТОТ Е ПРЕД БАНКРОТ!“ со преземени делови од интервјуто на потпретседателката на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Димитриеска-Кочоска за „360 степени“ на МТВ, и со неколку пасуси зборува за растот на БДП од 1 %, јавниот долг кој ја надминал дозволената граница што покажува дека состојбата е алармантна и може да се зборува за банкрот, а криминалот и корупцијата на власта ги изела парите. Ден претходно (18.3.2024), граѓаните имаа можност да го прочитаат текстот под наслов „Криминалот и корупцијата на власта ги изедоа парите, растот на БДП е 1 %, а јавниот долг од 62,1 % ја надмина дозволената граница“, а всушност се работи за потполно идентичен текст и од истото интервју на Гордана Димитриеска-Кочоска за МТВ, само со поинаков наслов. Се наметнува прашањето зошто е тоа направено, порталот сам на себе си прави копирај-залепи  (copy paste). Притоа, голем број портали, телевизии, новински агенции ќе го пренесат едниот или другиот прилог, а од анализираните портали и Република, Курир, додека ВМРО-ДПМНЕ на својата интернет-страница го има само делот од интервјуто со наслов „Криминалот и корупцијата на власта ги изедоа парите, растот на БДП е 1 %, а јавниот долг од 62,1 % ја надмина дозволената граница“ и уште еден прилог „Димитриеска-Кочоска: Идната влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе го зголеми растот на економијата“ во кој таа зборува дека партијата има направено проекти на Буџетот до 2028 година. Оттука порталот можел да го преземе и овој прилог и со тоа да ја „заокружи приказната“(извор, **Вечер, 19.3.2024**).

И овој пат, во интернет-порталите, без оглед на бројот на прилози со штетни наративи, доминираат поткопувањето на довербата во институциите и пристрасното селектирање, константа во досегашниот мониториран процес, а следат нападите врз одредена личност и нејзино демонизирање, но со далеку помала фреквентност. Поткопувањето на довербата во институциите најчесто е присутно во прилозите на  Независен, Република, МКД.мк и Тетова Сот, а пристрасното селектирање во Курир, А1он и Алмакос. Во Вечер, пак, речиси подеднакво се застапени поткопувањето на довербата, пристрасното селектирање и нападите врз одредена личност. Табеларно сликата е следна:

**Табела 7. Застапеност на штетни наративи во прилозите на онлајн-медиумите во март 2024**




| | Локално | Нова ТВ | Алмакос | Тетова Сот | Слободен печат | Република | МКД.мк | Вечер МК | А1Он | Независен | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поткопување доверба | 6 | 2 | | 12 | 4 | 18 | 16 | 7 | 8 | 30 | 21 |
| Пристрасно селектирање | | 2 | 9 | | 4 | 1 | | 8 | 11 | 23 | 30 |
| Напади на личност, демонизација | | 2 | 3 | 1 | 2 | 2 | 3 | 8 | 4 | 3 | 12 |
| Поттикнување поделби | 1 | 2 | 1 | 1 | 6 | 1 | 2 | | 2 | | 7 |
| Популизам | 1 | 1 | 1 | | 3 | 2 | 3 | | 3 | 4 | 1 |
| Странско влијание | | 1 | 2 | 2 | 1 | | 1 | 2 | 3 | 5 | 1 |
| Ширење паника, страв и несигурниост | | | | 1 | 3 | | | 1 | 2 | 2 | 2 |
| МАВМС | 1 | | | | | | | 1 | | 2 | 1 |
| Екстремен патриотизам | | | | 1 | | | | | 2 | 1 | |
| Етноцентризам | | | | 2 | | | | | 2 | | |
| Дезинформации | | | | | | | | | 1 | | |
| Теории на заговор | | | | | | | | | 1 | | |

**Курир** е портал со најмногу прилози со штетни наративи (42), а во нив најфреквентно е пристрасното селектирање (30 објави), а следи поткопувањето на довербата во институциите (21 објава). Во прилогот „Комисијата за енергетика на ВМРО-ДПМНЕ: Од денес во РЕК Битола не се произведува електрична енергија!“, преземен од соопштението на ВМРО-ДПМНЕ пренесено од фејсбук-статусот на Комисијата

за енергетика на партијата во кое се информира дека најголемиот производител на електрична енергија е паднат на колена и наместо да произведува, троши скапа увозна струја со цел да не дојде до поголема хаварија на постројките и прашува дали ваквото *дилетантско, неодговорно, клептоманско и мафијашко управување со енергетските објекти е дел од планираното сценарио на СДСМ најавено како зелена енергетска стратегија и престанок на работа на РЕК Битола*, но и бара Владата во заминување веднаш да го разреши најнеспособното раководство на ЕСМ. Веднаш потоа ќе биде објавена информацијата од АД ЕСМ „Попладнево се очекува приклучување на мрежа на едниот блок во РЕК Битола", со објаснување дека поради пукната цевка (што е честа појава) настанал испад од мрежата, но електричната енергија е надоместена од сопствени производствени капацитети и во попладневните часови се очекува враќање на еден од блоковите во мрежата. Но, неколку часа подоцна ќе следи уште еден прилог - „Со СДС и ДУИ дојдовме до ситуација да не работат сите три блока во РЕК Битола, а директорот наместо да работи брои провизии", односно изјавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски (на новинарско поставено прашање), за состојбата на РЕК Битола, дадена при посета на Општина Аеродром. Тој „нагласува" (како што пишува во прилогот) дека она што го имаат како информација и што ќе го наследат од криминалната власт на СДС и ДУИ е алармантно и катастрофално и „државата е пред катаклизмична ситуација", а во исто време директорот „хармоникаш" се забавува и пее со вработените (на 8 Март) и брои провизии, наместо да управува со комбинатот. За ист настан селективно изнесување на податоци и игнорирање на други. Прашањето дали Христијан Мицкоски, па и новинарите, не биле информирани за објавата од ЕСМ, а токму ЕСМ е вистинската адреса од која треба да се бара одговорот за неработењето на РЕК Битола, но останува горчливиот впечаток од „застрашувачката" порака на Мицкоски дека „државата е пред катаклизмична ситуација" (извор, **Курир, 11.3.2024**). Притоа, за настанот ќе информираат голем број интернет-медиуми, телевизиски станици, информативни агенции, а од порталите вклучени во анализата Република, Независен, Слободен печат, А1он, Локално и Вечер, но само во Република ќе биде објавена изјавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, со ист наслов и текст како во Курир, но со различна (постара) фотографија на која се премиерот Димитар Ковачевски, министерот за економија Крешник Бектеши и доскорешниот директор на ЕСМ, Васко Ковачевски (додека во Курир е Христијан Мицкоски).

Втор на листата со најмногу прилози со штетни наративи е **Независен** (35 прилози) и најчесто со 30 објави (зборови, пасуси, делови од текстови) се обидува да ја поткопа довербата во институциите, а следи пристрасното селектирање (23 објави). На пример, во прилогот „Ковачев не може да влезе во Македонија, но Силјановска се сликаше со него во Букурешт", преземено партиско соопштение на СДСМ, иако тоа не е нотирано во прилогот, но со пократок текст, во кој најнапред се објаснува дека Гордана Силјановска-Давкова се сретнала со бугарскиот европратеник Андреј Ковачев, еден од најжестоките антимакедонисти, на конгресот на Европската народна партија во Букурешт каде к*андидатката за претседател беше однесена од раководството на ВМРО-ДПМНЕ.* Потоа, се редат квалификативи дека таа се гордее со Ковачев и гордо стои до него, а за Ковачев дека е еден од најголемите негатори на македонскиот народ, јазик, историја и култура, дека ја користи секоја прилика да зборува за Македонија како вештачка држава, Македонците вештачки народ, македонскиот народ вештачки создаден и дека бил санкциониран од Европскиот парламент поради неговиот нацистички поздрав. Поради сето тоа *ВМРО-ДПМНЕ не може да донесе никакви промени ниту нешто добро за Македонија.* Во прилогот, покрај текстот е дадена и фотографија на Гордана Силјановска-Давкова со бугарскиот европратеник Андреј Ковачев, но иземени се уште две фотографии од соопштението на СДСМ на Андреј Ковачев зад кои со големи букви е напишано *Андреј Ковачев сега го нападна и АСНОМ – бил столб на антибугарството и Браќата Миладинови не напишаа „Зборник", туку „Бугарски народни песни"*. Порталот ќе го објави демантот на ВМРО-ДПМНЕ дека СДСМ шири лаги, а фотографијата на Гордана Силјановска-Давкова и Андреј Ковачев е стара пет години и во истиот прилог новото обвинување на СДСМ дека она што го нуди ВМРО-ДПМНЕ и нејзината кандидатка за претседател е враќање назад во изолација и мрачно минато (извор, **Независен, 7.3.2024**).

**Во А1он** од вкупно 23 прилози со штетни наративи, 8 се однесуваат на поткопување на довербата во институциите, а 11 на пристрасното селектирање. Во прилогот *Нема промени, ДПМНЕ како што ги фалсификуваа анкетите така се обидоа да фалсификуваат и потписи,* се цитираат зборовите на претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, на Конгресот на партијата, за ВМРО-ДПМНЕ како партија која се служи со

„лаги и невистини“ и не само што фалсификува анкети туку ги фалсификувала и потписите за претседателскиот кандидат Гордана Силјановска-Давкова, односно нема собрано валидни потписи за Силјановска и кандидатурата ја поднела со 40 потписи од пратеници. Всушност се работи за партиско соопштение на СДСМ, но тоа не е нотирано во прилогот. Притоа, она што паѓа в очи е дека истиот ден е објавен уште еден прилог под наслов Д*ПМНЕ фатени во лага, дали ги фалсификуваа потписите за Силјановска?* со иста содржина и исто така преземено соопштение од интернет-страницата на СДСМ. Порталот ќе објави уште три прилози од Конгресот на СДСМ, каде претседателот Димитар Ковачевски ќе ги соопшти изборната програма, носителите на изборните листи и европската визија на партијата (извор, **А1он, 23.3.2024**).

**Во другите портали**, на пример, во **Република** со 21 прилог со штетни наративи доминира пристрасното селектирање (18 објави). Во прилогот *Владата во заминување повторно удри по граѓаните, Ковачевски со 2.500 евра апанажа не чувствува глад, но 600.000 граѓани едвај преживуваат,* партиско соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, составено од 5-6 кратки реченици, со кои се напаѓаат СДСМ и ДУИ кои ги уживаат привилегиите и удопствата на функциите и го уништија животниот стандард на граѓаните, а Димитар Ковачевски дека со апанажа од 2500 евра не чувствува глад додека 600.000 сограѓани дневно живеат со по 150 денари. Притоа, поводот за соопштението веројатно било барањето на Димитар Ковачевски да го искористи законското (функционерско) право на апанажа (по завршувањето на функцијата), надоместок во висина на платата што ја примал кога бил на функција (за што ништо не се кажува во прилогот). Барањето е усвоено од собраниската Комисија за избор и именување. Такво барање има поднесено и поранешниот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски, но тој не се споменува во прилогот. Но изнесените квалификативи, а особено „невкусните“ споредби имаат силен емотивен набој и можат да поттикнат бес, говор на омраза кај јавноста (извор, **Република, 23.3.2024**).

Во **Тетова Сот** со 17 прилози со штетни наративи, 12 се однесуваат на поткопување на довербата во институциите. Во прилогот *ВРЕДИ прашува: Дали дуизацијата на судството ќе заврши на црната листа?*, соопштение на Коалицијата ВРЕДИ, во кое ДУИ ја нарекува „таканаречена“ прогресивна партија која го заробила судството, обвинителството и надлежните институции, сите именувани или избрани со политичко влијание на ДУИ за спречување обвиненија, судења, казни. Но, промената доаѓа и правдата ќе се врати. Истото партиско соопштение на коалицијата ВРЕДИ ќе го пренесе и Алмакос (извор, **Тетова Сот, 19.3.2024**).

И во **МКД.мк**, со 20 прилози со штетни наративи утврдени се најмногу објави (16) со кои се поткопува довербата во институциите. Во прилогот *Очекувам убедлива победа на Силјановска-Давкова*, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, по потпишувањето на кандидатурата за претседател на државата на Гордана Силјановска-Давкова во подрачната канцеларија на ДИК во Општина Карпош, за противкандидатите Стевче Јакимовски од ГРОМ и Билјана Ванковска од Левица вели дека имаат улога да го ослабат потенцијалот на Силјановска-Давкова, дека ќе имаат „естрадна (забавна) улога“, прашувајќи дали *ќе останат доследни измеќари на нивните наредбодавачи и во вториот круг ќе го поддржат Стево Пендаровски...* Тој Стевче Јакимовски и Билјана Ванковска ги оквалификува како „измеќари“ или слуги, што разговорно значи лица што заработуваат служејќи други луѓе, а преносно лица што одат против општите интереси, што тајно му служат на непријателот (**извор, МКД.мк, 3.3.2024**). Истите оцени на Христијан Мицкоски за Стевче Јакимовски и Билјана Ванковска ќе ги пренесат и бројни други портали, **Курир** со истиот наслов, но и со видеозапис од исказот на Христијан Мицкоски, **Вечер** со поинаков наслов *Ванковска и Јакимовски ќе имаат естрадна улога, опозиција на опозицијата“*, а Локално со наслов „Ванковска и Јакимовски ќе имаат естрадна улога во првиот круг, но со изземање на делот каде Христијан Мицкоски ги оквалификува како измеќари. **Вечер**, пак, во прилогот *Граѓаните ДА МУ ПОМОГНАТ НА СТЕВО ДА СЕ ИСЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА* составен од три кратки пасуси, го пренесува одговорот на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, на новинарско прашање кој е неговиот коментар за кандидатурата на Стево Пендаровски (без наведување каде, кога). Притоа, тој ја користи изјавата на Стево Пендаровски кажана „пред некое време“ (Христијан Мицкоски не прецизира кога) дека доколку не биде претседател ќе се исели од Македонија. Тоа „некое време“ е Форумот на млади лидери во Нови Сад, Србија одржан во ноември 2019 година, а неговата изјава тогаш е *Да не бев претседател и јас ќе се иселев*, дадена во контекст на долгогодишното

преговарање на државата со ЕУ и одливот на мозоци, што ќе предизвика бројни реакции, меѓу другите и од ВМРО-ДПМНЕ. Во прилогот во **Вечер** има мала, но значајна разлика во изјавата на Пендаровски - доколку не биде претседател (значи сега на претседателските избори) и затоа Христијан Мицкоски вели да му се помогне да се исели (значи нема да победи) и порачува *колку помалку Стевовци има во Македонија, толку подобро за граѓаните и за државата, а ние да најдеме начини сите кои се иселија поради лошите политики на Стево Пендаровски да ги вратиме дома бидејќи се тие луѓе кои се потребни дома* (извор, **Вечер, 3.3.2024**).

## 2.1 Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците за март 2024 година

Во март 2024 година, анализирани се прилозите во централните вести на девет ТВ-станици во вкупно осум денови (3, 7, 11, 15, 19, 23, 27 и 31 март). При анализата се регистрирани 79 прилози кои содржеле штетни наративи или речиси 10 прилози по ден.

Најчести штетни наративи, како и досега, биле пристрасно селектирање (53) и поткопување на довербата (47). ТВ Алфа повторно е телевизијата кај која се забележани најмногу прилози со штетни наративи.

## Фреквентност на штетните наративи кај ТВ-станиците

За разлика од претходните месеци, кога постојано бележевме раст на прилозите со штетни наративи, во март можеме да констатираме дека има намален број на ваквите прилози (79). Во споредба со декември (регистрирани вкупно 87 прилози со штетни наративи во мониторираните 8 денови или 10,9 прилози дневно), јануари (96 прилози или 12 прилози дневно) и февруари (регистрирани 90 прилози во мониторираните 7 денови или 12,9 прилози дневно), бројката од 79 прилози со штетни наративи или нешто помалку од 10 прилози дневно (9,87), претставува забележителен пад.

Табела 8. Приказ на прилози кои имаат штетен наратив според ТВ во март




Во период кога предизборните кампањи стануваат сè поинтензивни и поагресивни, намалениот број прилози кои содржат штетни наративи може да значи дека телевизиите во своите централни информативни емисии стануваат попретпазливи за начинот на кој известуваат, а штетните наративи се многу позабележливи во онлајн-просторот.

Најмногу прилози со штетни наративи се регистрирани на 11 март (15 или 19 % од вкупниот број прилози), а најмалку на 23 март (5 или 6,3 %). На 11 март, освен темите поврзани со претстојните избори, се појавува и темата за проблемот во РЕК Битола, која од политичките актери е искористена за дневно-политички обвинувања и ширење штетни наративи.

**ТВ Алфа повторно е телевизијата кај која се регистрирани најголем број прилози со штетни наративи (35 или 44,3 %)**, но и кај оваа телевизија, како и кај повеќето кои се дел од анализата (со исклучок на ТВ Алсат М и ТВ Канал 5 кај кои имаме многу благ пораст), **се забележува намалување**. По ТВ Алфа следат ТВ Алсат М (12 прилози или 15,2 %), ТВ 21 (9 прилози или 11,4 %), МТВ 2 (7 прилози или 8,9 %), ТВ Канал 5 (6 прилози или 7,6 %), ТВ Сител и ТВ Телма (по 3 прилози или по 3,8 %) и МТВ 1 и ТВ 24 (по 2 прилози или 2,5 %).

Најчести жанрови, како и во претходните месеци, се извештајот (26 или 32,9 %) и аналитичко-репортажниот прилог (23 или 29,1 %). Тоа што е специфично е зголемениот број прилози кои се од пренесен говор на политичар (11 или 13,9 %), што не треба да изненадува за период во кој доминираат предизборните политички кампањи. Сепак, како што многупати потенциравме во нашите извештаи, дури и во вакви специфични предизборни периоди, медиумите не смеат да бидат платформа за кампањите на политичарите и партиите, туку нивните изјави, ставови и вредности мора да ги анализираат и стават во контекст.

Најмногу од прилозите, како и обично, се од области поврзани со внатрешната политика (57 или 72,2 %). Многу поретко се забележуваат други теми, како економијата (6 или 7,6 %), правосудството (5 или 6,3 %), корупцијата (3 прилози или 3,8 %) итн.

Парламентарните и претседателските избори (35 прилози) се најбројни теми во прилозите со штетни наративи. Освен оваа доминантна тема, во март неколку прилози се поврзани и со објавувањето на новите лица на црната листа која ја објави САД, потоа изборот на кандидати во Академијата за судии и обвинители, техничкиот проблем во РЕК Битола, финансирањето проекти од културата итн. Сепак, и овие теми најчесто се ставени во предизборна рамка и наместо гледачот да се запознае со генезата на проблемот и неговите можни решенија од експертите на темата, повторно главна улога имаат политичките актери кои секоја тема ја користат за меѓусебни обвинувања. Пример за тоа е и изјавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, кој проблемот во РЕК Битола го користи за да го обвини раководството за несоодветно однесување и корупција:

*[...] Додека директорот армоникаш се забавува и пее песни за 8 Март со вработените, за жал неговиот комбинат, каде што е тој директор и треба да го управува, наместо да го управува, тој, за жал имаме информации, основано сомневање, дека се занимава со броење провизии и го остави комбинатот да работи без трите блока. (**ТВ 24, 11.3.2024**).*

Намерата секоја тема да се искористи во прилог на предизборната кампања и заработување политички поени кај гласачите може да се забележи и ако се анализира поводот на прилозите. Иако актуелните настани сè уште се најчест повод за најголемиот број прилози (30 или 38,6 %). Во март на второ место се псевдонастаните (25 или 31,6 %), а на трето општествените случувања (21 или 26,6 %).

Тоа покажува дека политичките актери сè почесто решаваат да организираат прес-конференции или да лиферуваат соопштенија само со цел да бидат присутни во етерот и да се слуша нивниот глас, а медиумите сè почесто им го овозможуваат тоа. За жал, ваквите псевдонастани, кои ја користат секоја тема за дневно-политички профит, многу често се користат и за обвинувања без аргументи, меѓусебни навреди, поттикнување поделби и поткопување на довербата во институциите, што е дел од најчестите штетни наративи кои се дел од анализата на овој извештај.

Најмногу простор во своите информативни емисии на прилозите чиј повод бил некој псевдонастан им понудиле ТВ Алсат М (11 од вкупно 12 прилози со штетен наратив имале за повод псевдонастан), и ТВ 21 (4 од 9 прилози биле од псевдонастан).

Како пример за ваков псевдонастан е прес-конференцијата на политичката коалиција ВРЕДИ, од 19 март, на која политичките противници се обвинуваат за корупција, вмешаност во судството, а САД се повикуваат да го истражат тоа.

*Американската администрација да ја истражи улогата на обвинителите, судиите, експертите, истражителите... сите избрани или назначени со политичко влијание на ДУИ, во запирањето на казнувањето и конфискацијата во сите случаи на нивниот криминален партнер - Сашо Мијалков.* (**ТВ Алсат М, 19.3.2024**)

## Политичките актери и изворите во анализираните прилози

Сеприсутноста на политичките актери кои говорат на секоја општествена тема, обидувајќи се да ја врамат во дневно-политички контекст и да ја искористат во своите предизборни активности, се забележува во целиов овој период, а за тоа беше пишувано и во претходните извештаи. Најчесто, како и досега, главните актери се најголемите три политички партии (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ), претседателите на овие партии или нивни истакнати членови. Во март, во прилозите со штетни наративи често се гледаат и претседателските кандидати, почесто Стево Пендаровски и Гордана Силјановска-Давкова, отколку останатите. Во неколку прилози се јавува и претседателскиот кандидат Стевчо Јакимовски, но причината е објавената црна листа на САД, а не неговата кандидатура.

Реториката помеѓу нив се заострува и навредите кои ги употребуваат едни за други стануваат сè посериозни и потешки. Така, претседателот на државата Пендаровски за опозицијата е „марионета“, Арбен Таравари од Алијанса за Албаниците „отиден со паметот“, Али Ахмети го „загубил компасот“ или е „командант полжав“.

СДСМ и ДУИ од своите политички противници најчесто се обвинувани за криминал корупција, но и сè претставуваат како власт која не успеала да направи ништо за време на своето владеење:

*Промените во Македонија се неопходни. Со оваа власт на ДУИ и СДС, Македонија тоне во сиромаштија, криминал, корупција и безнадежност. Апатијата и поразите мора да бидат заменети со напредок и успеси.* (**ТВ Алфа, 31.3.2024**)

ДУИ е напаѓана и од опозициската ВМРО-ДПМНЕ, но и од албанската здружена опозиција ВРЕДИ. Многу често се доведува во врска со криминалот во државата и со врските со подземјето, но овие напади не нудат аргументирана поткрепа, туку се најчесто генерални и паушални. Како пример ја издвојуваме изјавата на кандидатот за претседател на коалицијата ВРЕДИ, Арбен Таравари:

*Денес, Големиот брат, односно партијата на власт ДУИ, на Албанците им ги организира животите, им ги организира вестите, историјата, им ги избира лекарите, им ги назначува судиите, дури им диктира и каква музика да слушаат. Кој не ги слуша, кој ги прекршува наредбите на партијата го бркаат од работа, му се монтираат судски процеси и го дискредитираат во медиумите.* (**ТВ 21, 3.3.2024**)

Од друга страна, ВМРО-ДПМНЕ, за политичкиот ривал СДСМ, останува кочничар на ЕУ-интеграцијата и да се гласа за оваа партија значи да се гласа против ЕУ:

*ВМРО-ДПМНЕ предлага да се откажеме од европската иднина [...], на следните избори изборот ќе биде помеѓу интеграција и изолација.* (**ТВ Алсат М, 11.3.2024**)

| Табела. 9 Вкупен приказ на прв, втор и трет актер според ТВ-канал | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ-канал | Актер | Фреквенција | Начин на претставување | | | Кој и како го претставува актерот | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | Новинарот | | | | Некој друг | | | | Самиот/та | | | |
| | | | Цитиран | Парафразиран | Се зборува за него/неа | - | + | -/+ | 0 | - | + | -/+ | 0 | - | + | -/+ | 0 |
| МТВ2 | Пендаровски | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | ВМРО-ДПМНЕ | 2 | 1 | | 1 | | | | 2 | | | | | | | | |
| | Димитар Ков. | 3 | 3 | | 2 | | | | 3 | | | | | | | | |
| | СДСМ И ДУИ | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | Антонио Мило. | 2 | 2 | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | Али Ахмети | 2 | 2 | | 2 | | | | 2 | | | | | | | | |
| Канал 5 | Д. Ковачевски | 3 | 2 | | 1 | | | | 1 | 2 | | | | | | | |
| | Мицкоски | 2 | 2 | 2 | | | | | 2 | | | | | | | | |
| | ВМРО-ДПМНЕ | 3 | 2 | | 1 | | | | 3 | | | | | | | | |
| Сител | Власта | 3 | | | 3 | | | | | 3 | | | | 1 | | | |
| Алсат М | ДУИ | 6 | | | 6 | | | | 2 | 4 | | | | | | | |
| | Али Ахмети | 5 | 1 | | 4 | | | | 3 | 3 | | | | | | | |
| | Коалиција ВРЕДИ | 3 | 2 | 2 | | | | | | 3 | | | | | | | |
| | СДСМ | 3 | 2 | 2 | 2 | | | | 2 | 2 | | | | | | | |
| | Пендаровски | 5 | 3 | | 2 | | | | 3 | 2 | | | | | | | |
| | Мицкоски | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | ВМРО | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | Ковачевски | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | 2 | | | | | | | |
| Алфа | А. Николоски | 6 | 6 | 3 | 4 | | | | 2 | 2 | | | | | 2 | | |
| | ВМРО | 3 | 2 | | 1 | | 1 | | 2 | | | | | | 2 | | |
| | Х.Мицкоски | 4 | 3 | 1 | | | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| | Ковачевски Д | 7 | 2 | | 6 | 4 | | | | 3 | | | | | | | |
| | Власт | 18 | | | 18 | 15 | | | | 3 | | | | | | | |
| | СДСМ | 4 | | | 4 | 3 | | | | 1 | | | | | | | |
| | Пендаровски | 3 | | | 3 | 2 | | | | 1 | | | | | | | |
| ТВ 21 | СДСМ | 3 | | | 3 | | | | 3 | | | | | | | | |
| | Таравари | 2 | 2 | | 1 | | | | 2 | | | | | | | | |
| | Али Ахмети | 3 | 3 | 1 | 2 | | | | 1 | 3 | | | | | | | |
| | ВРЕДИ | 3 | 1 | | 2 | | | | 3 | | | | | | | | |
| | Мицкоски | 2 | | | 2 | | | | 2 | | | | | | | | |
| | Д. Ковачевски | 2 | 1 | | 1 | | | | 2 | | | | | | | | |

Како што се забележува од Табелата 2, односот на новинарите кон актерите најчесто бил неутрален, за актерите зборувал некој друг (нивниот политички противник), а новинарите немале став и само ги пренесувале изјавите.

Исклучок е ТВ Алфа, која како и досега, има пристрасен однос кон политичките актери, отворено напаѓајќи ја владејачката коалиција (СДСМ и ДУИ), а бранејќи ја или протежирајќи ја најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ. Од Табелата 2, може да се види дека од 18 прилози во кои се говори за власта, новинарот во 15 имал негативен однос кон власта. Потоа, во прилозите во кои како актер се појавува претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, новинарот имал негативен однос во 4 од вкупно 7, во 2 од 3 прилози имал негативен однос за претседателот Пендаровски, и во 3 од 4 прилози имал негативен однос кон СДСМ.

За разлика од тоа, од 4 прилози во кои се говори за претседателот на ВМРО-ДПМНЕ; Христијан Мицкоски, новинарот во 2 имал позитивен однос, а неутрален во останатите 2.

На овој однос кон различните актери во прилозите на ТВ Алфа, можеме да го додадеме и податокот дека во 18 прилози каде се спомнува власта, во ниту еден од нив ниеден претставник на власта не е ниту цитиран, ниту парафразиран.

Ваквиот однос кон политичките актери е многу позабележителен во најавата на прилозите кога водителот на вестите ја врамува секоја тема и пред прилогот дава објаснување за тоа кои се позитивните, а кои негативните актери, како што е и примерот од 23 март:

*Со имињата што се вртат за пратеници на листата, од авион се гледа дека СДСМ не мисли на изборите, туку на денот по изборите. Акционерското друштво оди во стечај. Борбата е кој ќе биде стечаен управник и ќе тргува со стечајната маса. А и кој ќе оди сургун или чија глава ќе се пазари, чија не.* (**ТВ Алфа, 23.3.2024**)

За ТВ Алфа веќе е јасно кој ќе биде победник на изборите, а експертите кои ги консултира само потврдуваат кој е искрен во намерите и за кого треба да се гласа:

*На Македонија - е потребна жена за претседател. Пораките на кандидатката Гордана Силјановска-Давкова за национално единство и сплотеност се искрени, велат експертите. Професорката е одличен избор за да стои на чело на нашата земја, вели Синиша Пекески.* (**ТВ Алфа, 3.3.2024**)

За разлика од ТВ Алфа, кај сите останати телевизии се забележува неутрален однос на новинарот, а односот (најчесто негативен) го градат останатите политички актери кои го напаѓаат својот политички ривал.

Прилозите со штетни наративи, како и обично, се еднострани (43 или 54,4 % имале само една страна), а многу поретко нудат две страни (19 или 24,1 %) или три или повеќе страни (15 или 19 %). Најмногу прилози во кои се претставува само едната страна забележуваме кај ТВ Алфа (26 или 78,8 % од прилозите), но и кај Алсат М (7 или 58,3 %)[7].

7 Кај МТВ 1 и ТВ 24 се среќаваат 50 % еднострани прилози, но имајќи предвид дека кај овие ТВ-станици се регистрирани само 2 прилога со штетни наративи, не може да се изведе заклучок поткрепен на доволно податоци.

Табела 10. Застапеност на страната на изворите во прилозите кои имаат штетни наративи (март 2024)




Сепак, ваквата еднострaност не е секогаш поврзана со пристрасноста на ТВ-станиците, а понекогаш оди во прилог и на тезата дека новинарите наместо посериозно да ги анализираат комплексните општествени теми, настаните ги презентираат преку политичките изјави на партиите дадени на организираните псевдонастани. Па така, прилози со само една страна среќаваме кај сите ТВ-станици кои се дел од анализата.

Таков пример е прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ поврзана со јавните набавки на учебници, на која една мошне важна тема околу реформите во образованието се покрива со една изјава од псевдонастан на политичка партија:

*Замислете, 5 години не можат да предвидат средства за нешто што е законска обврска, но затоа можеа да предвидат милионски суми за нови дигитални учебници. Да ја потсетиме јавноста за онаа набавка од 500.000 евра за дигитални учебници, кои никој не ги користеше.* (**ТВ Телма, 31.3.2024**)

Мошне слично како со претставувањето на страните, и дистрибуцијата на извори е најчесто поврзана со само еден извор (38 прилози или 48,1 %), 20 прилози (или 25,3 %) имале два извора, додека три и повеќе извори се регистрирани кај 19 прилози (или 24,1 %). Во 2 прилога нема извори или новинарот е единствениот извор, што е помалку од претходните месеци (во февруари, на пример, беа регистрирани 5 вакви прилози).

## Најчести штетни наративи

Во март, при мониторингот на централните информативни емисии на 9 ТВ-станици, беа регистрирани 79 прилози кои содржеле вкупно 139 штетни наративи.

Политичките актери и партии, а поретко и новинарите, ги креирале овие штетни наративи најчесто преку тврдења за корумпираност, нетранспарентност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност, но без поткрепа на тие тврдења (60 вакви случаи или 61,9 %), но и преку употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори (13), преку навреди, исмевање и етикетирање (12) и намерно непренесување на целосната слика и изоставање на информации (4).

Табела 11: Приказ на застапеност на индикаторите за штетни наративи на ТВ станиците за март 2024



Ваквите прилози креирале вкупно 139 штетни наративи, од кои најчести се пристрасното селектирање (53), поткопувањето на довербата (47), нападите на личноста и демонизацијата (14), поттикнувањето поделби (13) и креирањето дезинформации (5).

Табела 12. Фреквенција на штетни наративи во март 2024




Во овој период се забележуваат голем број обвинувања за криминал, несовесно и неотчетно работење, но наместо со сериозни докази, политичките актери најчесто ги користат техниките „тој рече/таа рече" и веќе следниот ден едната тема ја заменуваат со друга. На 27 март, дополнителниот заменик-министер за информатичко општество и администрација од ВМРО-ДПМНЕ ја обвини владејачката коалиција за 2.700 предизборни вработувања, за изборни притисоци и можни нерегуларности. Ова се мошне сериозни обвинувања и мора да понудат докази, а не да служат како политички обвинувања кои брзо ќе се заменат со нови.

Од друга страна, улогата на медиумите е ваквите сериозни обвинувања да ги истражат, да консултираат различни извори, да ги вклучат сите засегнати страни и да понудат сериозен новинарски продукт, а не само обвинување без аргументи:

*Дополнителниот заменик-министер за администрација откри дека на два месеца пред изборите има 2.700 вработувања во државниот сектор. Андоновски предупредува и дека дел од кандидатите за вработување трпеле притисоци да организираат лица да гласаат на изборите. Второ и не помалку важно е што државните институции давале незаконски бонуси на лица за кои воопшто не се знае дали се појавуваат на работното место.* (**ТВ Алфа, 27.3.2024**)

Основното правило во новинарството е дека новинарот ќе објавува точни и проверени информации. Ваквите сериозни наводи мора да се потврдат од неколку различни извори, да се поткрепат со докази и податоци кои ќе обезбедат прецизност и јасна слика за тоа што е случува. Особено е важно за новинарот да ги провери информациите кои доаѓаат од политичките партии во време на предизборни кампањи.

Во овој конкретен случај, новинарот не само што ги пренесува непроверените и неаргументирани обвинувања на еден политички актер туку и дополнително ги амплифицира и потврдува, нудејќи ги како доказ за корумпираноста и криминалот на политичкиот опонент. *Според Етичкиот кодекс на новинарите*

*известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти* [8].

Тенденциозниот дискурс (нагласено против или нагласено во прилог на одреден политички актер) е во спротивност со професионалното новинарско известување и претставува сериозно прекршување на етичките принципи на професијата.

## МТВ 1

Кај првиот канал на јавниот сервис веќе втор месец по ред се забележуваат само два прилога и вкупно два штетни наратива. Ваквиот мал број е недоволен да се изведе некаква анализа, но може да се констатира дека МТВ 1, особено во централните вести, внимава на начинот на кој известува и дали ќе остави простор на политичките актери да шират штетни наративи.

Во првиот од двата анализирани прилога, политичкиот актер е тој кој го креира штетниот наратив, додека во вториот прилог тоа го прават заедно новинарот и политичкиот актер.

## МТВ 2

Трендот на намалувањето на прилози со штетни наративи се забележува и во централните вести на вториот канал на јавниот сервис. Во март, кај МТВ 2 беа регистрирани 7 прилози кои содржеле штетни наративи, за разлика од декември (17), јануари (11) и февруари (10). Најчесто во прилозите на МТВ 2 се среќаваат тврдења за корумпираност, нетранспарентност, неотчетност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност, но без поткрепа на тие тврдења, и како резултат се јавува штетниот наратив пристрасно селектирање (6 случаи).

Во анализираните прилози се забележува предизборниот наратив на партиите, полн со меѓусебни обвинувања и напаѓања, кој е за прогрес, а кој за назадување и криминал. Во сите овие прилози, креатор на штетниот наратив бил политичкиот актер, додека новинарот само пренесувал, без интервенција.

Наративот на опозицијата дека секој кој влегува во коалиција со ДУИ им служи само на интересите на Ахмети, го гледаме во изјавата на опозициската коалиција ВРЕДИ објавена на 27 март.

*Зијадин Села не се изјаснува за оваа понуда затоа што знаеме дека одамна договориле ексклузивно да им служи на интересите на Али Ахмети.* (**МТВ 2, 27.3.2024**)

Најмногу од прилозите имале три или повеќе страни (4 или 57,1 %), а само еден прилог понудил само една страна од приказната. Темите најчесто биле од областа на внатрешната политика, а повод за настанот бил или актуелен настан (4 или 57,1 %) или псевдонастан (2 или 28,6 %).

## ТВ Алфа

Бројот на прилози со штетни наративи и кај ТВ Алфа (35) е помал во споредба со февруари (40), но поголем од декември (26) и јануари (31). Најчести штетни наративи се поткопување на довербата во институциите (31) и пристрасно селектирање (29).

8 Кодекс на новинарите на Македонија: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

Тоа што не е променето е тенденциозниот однос во кој се напаѓа еден политички актер, а се протежира неговиот политички опонент. Она што ја издвојува ТВ Алфа од останатите ТВ-станици кои се предмет на ова истражување е дека многу често и новинарот, или самостојно (во 3 случаи) или заедно со политичкиот актер (18 случаи), директно учествува во креирањето на штетниот наратив. Во останатите случаи (21 случај) политичкиот актер сам го креира штетниот наратив, но новинарот го пренесува најчесто со одобрување (29 случаи).

Ваквиот тенденциозен и отворено навивачки однос се гледа и низ следните примери од најавата на водителот во вестите:

*СДСМ и ДУИ и да ги спојат гласачите ќе им недостигаат речиси 8 проценти за да го стигнат ВМРО-ДПМНЕ, Ковачевски, Пендаровски и Ахмети заедно не можат да го стигнат огромниот степен на доверба што го ужива Мицкоски меѓу граѓаните, а цели 71 процент од граѓаните сакаат да ја испратат оваа Влада во пензија. Резултатите на анкетите стануваат сè понемилосрдни кон власта.* (**ТВ Алфа, 31.3.2024**)

*Од Европскиот фронт на кој Ковачевски се надеваше дека пак ќе ги сплоти СДСМ и ДУИ не остана ни Е. А уште помалку 'фронт', оти и покрај подобноста што претседателот на СДСМ му ја нудеше на Ахмети, желбата на експремиерот се урна како кула од карти, а фронтот се подели на два. На Ковачевски засега друштво му прават НСДП и ЛДП, а пак Ахмети изгледа си направи свој фронт, со најверојатно уште 4 човек-партии, меѓу кои и Мендух Тачи препознатлив како еден од првите функционери на американската црна листа.* (**ТВ Алфа, 31.3.2024**)

*Коалицијата предводена од СДСМ ја претстави програмата 'За европска иднина'. Димитар Ковачевски убеден дека ќе победи, со веќе слушната реторика, вети брда и долини.* (**ТВ Алфа, 31.3.2024**)

*Носителот во четвртата изборна единица, Филипче, вети високи плати за лекарите. Според поранешниот министер за здравство, власта направила многу за здравствениот систем – иако работите на терен се поинакви: Решение за вработување добиваат оние кои имаат врски, младите специјализанти работат и втора работа да можат да преживеат, се плаќа 10 000 евра за приватна специјализација, а се зема 26.000 денари плата.* (**ТВ Алфа, 31.3.2024**)

Иако работата на новинарот е да ја мониторира работата на власта, критиката мора да биде поткрепена со аргументи, различни извори и овозможување простор на сите засегнати да ја претставаат својата страна од прикаснатa. Блискоста кон една политичка опција и нападите на противникот не смеат да бидат начин на известување во демократски општества.

При анализата на ТВ Алфа се забележува и дека најмногу известувала за најголемите политички партии и актерите кои доаѓаат од нив, но како што и претходно е забележано, сериозно критички и напаѓачки кон власта и партиите на власта, а позитивно во ситуациите кога се зборува за опозицијата.

Најголемиот број прилози на ТВ Алфа содржеле само еден извор (22 или 62,9 %) и само една страна (26 или 78,8 %) што е уште еден индикатор за небалансираниот и необјективен однос кон политичките актери во Македонија.

## ТВ Канал 5

При анализата на ТВ Канал 5 беа регистрирани вкупно 6 прилози со штетни наративи, што е малку повеќе од претходниот месец (4). Најчести наративи се пристрасното селектирање (6 случаи) и напади на личноста (4). Сите овие наративи биле креирани од политичките актери, додека новинарите на ТВ Канал 5 ги пренеле во своите прилози.

Еден од штетните наративи кој не е многу експлоатиран во досегашната кампања и не е често регистриран од мониторингот на ТВ-станциите е поврзан со слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда дека нешто е реалност и вистина. Таков е прилогот емитуван на 7 март, во кој претставниците на СДСМ прикажуваат стара фотографија на која кандидатката на ВМРО-ДПМНЕ е сликана со бугарскиот пратеник Ковачев, меѓутоа ја претставуваат како нова:

*Силјановска гордо стои со Ковачев, кој нè негира како народ. Граѓаните очекуваат одговори од Силјановска.* (**ТВ Канал 5, 7.3.2024**)

И во прилозите на Канал 5 најчести актери се ВМРО-ДПМНЕ, власта, Ковачевски и Мицкоски и за нив обично се зборува во негативен контекст, ама не од новинарот, кој само ги пренесува ваквите изјави, туку од политичките опоненти.

## ТВ 21

Во март, кај ТВ 21 се регистрирани вкупно 9 прилози со штетни наративи. Најчест меѓу нив е наративот на пристрасно селектирање (7 случаи), за што најчесто биле виновни прилозите во кои се обвинувало за корумпираност, нетранспарентност, неотчетност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност, но без поткрепа на тие тврдења (6 случаи).

Тоа што треба да се издвои е дека поводот на дури 4 или 44 % од сите прилози бил некој псевдонастан, а на останатите некое актуелно случување (5 или 55,6 %).

Многу често овие прилози биле еднострани (3 или 33,3 %) или има две страни (44,4 %), додека само еден од нив е со три или повеќе страни.

Интересен е примерот во кој опозициската коалиција ВРЕДИ ги заменува тезите и тврди дека ДУИ помага да се шири руското влијание во Македонија, што е најчесто користено обвинување токму на ДУИ кон ВМРО-ДПМНЕ и останатите партии од опозицијата:

*Од ВРЕДИ велат дека токму ДУИ помогнала да се шири руското влијание во Македонија преку српските казино-бизниси, преку Дака Давидовиќ, Соравија, плановите за враќање на Никола Груевски.* (**ТВ 21, 19.3.2024**)

Ваквите меѓусебни напади, во натпреварот за собирање на гласови и политички поени, не нудат никакви сериозни докази, а новинарот тоа треба да го препознае и да се огради или да ги истражи.

## ТВ Сител

Во март кај ТВ Сител се забележани само 3 прилога со штетни наративи (4), поврзани со пристрасно селектирање (1), поттикнување поделби (1), поткопување на довербата и теории на заговор. Таков е примерот со изјавата на кандидатот за претседател, Максим Димитриевски, објавена на 7 март, во која тој гледа заговор против него во кој е вмешан и Уставниот суд:

*Во овој случај само се потврдува досега многупати повтореното тврдење дека власта преку своите сателити инсталирани во судско-обвинителската власт, креира неосновани случаи, го злоупотребува правниот систем, во случајов Обвинителството, а во одредени моменти и дел од судиите на Уставниот суд.* (**ТВ Сител, 7.3.2024**)

## ТВ Алсат М

ТВ Алсат М е телевизијата која во март, по ТВ Алфа, имала најмногу прилози кои содржеле штетни наративи (12 или 15,2 %). Во најголем дел од тие прилози (9) се забележуваат тврдења за корумпираност, нетранспарентност, неотчетност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност, без поткрепа на тие тврдења. Ваквите индикатори наведуваат на постоење на штетни наративи со кои се поткопува довербата (8), се поттикнуваат поделби (4) или се напаѓаат личности (2). Мора да се напомене дека за креирањето на сите овие штетни наративи (вкупно 15) виновни се политичките актери, додека новинарот во сите случаи само ги пренел без интервенција, односно без заземање на некаков став.

Тоа што се издвојува при анализата на ТВ Алсат М е дека поводот на безмалку сите прилози (11 или 91,7 %) бил извесен псевдонастан.

Ова укажува на тоа дека извесни политички актери, и кога не зборувале за актуелни настани или општествени случувања, сепак преку своите соопштенија за јавност, прес-конференции и изјави, односно псевдонастани креирани со намера да добијат простор во медиумите, успеале тоа да го направат кај ТВ Алсат М. Во своите централни вести, Алсат М им овозможила да ги пласираат своите ставови и агенди, но и штетни политички наративи, а без притоа да имало конкретен повод, актуелно случување или нешто слично. Медиумот не смее да биде бесплатно гласило на политичките партии кое ќе ги пренесува сите нивни соопштенија и изјави, туку место на кое на објективен и балансиран начин ќе се анализираат политичките случувања.

Еден таков псевдонастан претставниците на Алијанса за Албанците го користат за да ги обвинуваат сегашните политички опоненти од ДУИ:

*...22 години убаво е познато колку (ДУИ) е штетна на политичката сцена, нивното делување, делувањето на водството во себе содржи само криминал и корупција.* (**ТВ Алсат М, 27.3.2024**)

## ТВ Телма

Во март кај ТВ Телма се регистрирани само три прилози во кои се забележани вкупно 5 штетни наративи. Најчести биле пристрасното селектирање (2) и поткопувањето на довербата (2). Сите тие биле креирани од политичките актери, додека новинарите ги пренеле и јасно ги истакнале, но притоа не зазеле став.

Во својата изјава, објавена на 19 март, претседателот на СДСМ Димитар Ковачевски го игнорира објаснувањето на опозицијата дека соодветната материја треба да се реши со постоечки закон и тврди дека тие намерно го блокираат Законот за рестриктивни мерки во Собранието. На тој начин се дезинформира јавноста, бидејќи се пренесува само дел од сликата за еден проблем:

*Очигледно е дека тој од некаква причина го блокира тој закон да не биде ставен на комисиска расправа и со тоа да не биде донесен. Доколку не планираат да го стават, тогаш треба да кажат од кои причини не сакаат тој закон да го стават да биде донесен во Собранието.* (**ТВ Телма, 19.3.2024**)

## ТВ 24

Во март, ТВ 24 заедно со МТВ 1 објавила најмалку прилози со штетни наративи, само 2. Овие 2 прилога содржеле напади на личноста (2) и пристрасно селектирање. Биле произведени од политичките актери, додека новинарите само ги пренеле без интервенција.

## 2.2 РЕЗИМЕ

Медиумите кои се предмет на мониторингот во март продолжија да им помагаат на политичките актери во ширењето штетни наративи. Позитивно е што се забележува тренд на намалување на бројот на штетни наративи регистрирани во централните вести кај деветте ТВ-станици, иако станува збор за период во кој зовриваат активностите поврзани со предизборната кампања за претседателските и за парламентарните избори. Кај телевизиите во март се забележани 79 прилози со штетни наративи, за разлика од февруари кога имало 90 вакви објави. За разлика од телевизиите, кај повеќето онлајн-медиуми практиката на еднострано пренесување на токсичната реторика на политичките актери продолжува со несмалено темпо. Во март кај онлајн-медиумите се нотирани 224 објави со штетни наративи, што е благ пораст во однос на февруари кога имало 211 штетни прилози.

| Анализиран субјект | Вкупен број прилози/објави со штетен наратив/и | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сеп. | окт. | ное. | дек. | јан. | фев. | март | |
| Онлајн-медиуми | 209 | 154 | 215 | 207 | 240 | 211 | **224** | **1.460** |
| ТВ-станици | 76 | 66 | 69 | 87 | 96 | 90 | 79 | **563** |
| | | | | | | | | |
| **Анализиран субјект** | **Вкупен број пренесени штетни наративи** | | | | | | | **вкупно** |
| | **сеп.** | **окт.** | **ное.** | **дек.** | **јан.** | **фев.** | **март** | |
| Онлајн-медиуми | 444 | 393 | 575 | 422 | 467 | 330 | **338** | **2.969** |
| ТВ-станици | 122 | 153 | 139 | 162 | 160 | 143 | 139 | **1.018** |

### Клучни карактеристики за известувањето на онлајн-медиумите во март 2024

Негативната реторика месеци station наназад, систематски и со мали осцилации, мошне високо котира на агендата на интернет-медиумите кога известуваат за политичките актери. Тренд  кој е константа и веќе не е изненадување. Таква е сликата и овој месец со бројка од 224 прилози и 338 објави, реченици, пасуси, формулации, наслови на прилози со штетни наративи. Во информативниот интернет-простор доминираат тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без поткрепа, непроверени/тешко проверливи наоди како основа за обвинување на политичките противници. Политичките актери како главни креатори на штетните наративи со „приказните“ - говорите, исказите, настапите, соопштенијата, како алатка за информирање на јавноста, ја поткопуваат довербата во институциите и пристрасно и селективно ги напаѓаат политичките противници. А интернет-медиумите во настојувањето „детално“ да информираат за случувањата на политичката сцена во општеството, директно/индиректно отвораат простор за штетните наративи, па дури и ги појачуваат. Овојпат, според бројот на штетни наративи, се издвојуваат Курир и Независен, а зад нив се Република и А1он.

Тематски, како и досега, во фокусот е внатрешната политика, но овојпат посебно изборната кампања, „измешана“ и за претседалските и за парламентарните избори. Таа, повеќе или помалку, ја диктира и нарацијата во медиумскиот простор, односно со засилувањето на негативната изборна кампања се засилува и негативната реторика. Но, иако претседателската кампања е во полн ек, најзастапен политички субјект е опозициската ВМРО-ДПМНЕ и зад неа СДСМ, а дури потоа претседателот и претседателскиот кандидат Стево Пендаровски и потоа Христијан Мицкоски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Другите претседателски кандидати многу помалку, а некои ретко и спорадично се присутни во „загадениот “ медиумски простор на интернет. Прилозите се кратки, составени од неколку реченици или од два до три

пасуси, кои кажуваат сè и ништо, а во искажаните зборови, реченици, формулации има најмногу штетни наративи. Но токму на таа стапица на негативна реторика и „бомбардирање“ со напади, споредби, квалификативи, омаловажувања на политичките противници кои овојпат доминираат со силен емотивен набој, се „навлекува“ сè поголем број политички актери, но и јавноста.

Медиумски, не помалку важна е прикажаната како информациите, прилозите со штетни наративи се „спакувани“. И овој месец жанровски, во интернет-порталите доминираат партиските соопштенија (соопштенија за јавноста) и говорите, исказите на политичките актери (политичарите), односно 2/3 од сите анализирани прилози. Се разбира, тие најчесто се поткрепени со прецизни извори, еден извор и еднострано известување, што директно е детерминирано од „избраниот“ жанр. Поедноставено кажано, изворот е јасен и прецизен кога се работи за соопштение на одредена политичка партија кое медиумот, вообичаено, интегрално го презема и го пренесува на својата страница, а што за конкретната тема од соопштението мисли, кажува, реагира другата страна јавноста можеби ќе биде информирана неколку денови подоцна. Затоа и најголемиот број вакви прилози не се потпишани со име и презиме/иницијали на авторот/новинарот. Притоа, кај одредени портали паѓа в очи и објавувањето на ист прилог повеќепати во еден ден и со иста содржина со што додатно се мултиплицира бројот на штетни наративи. Толку од новинарскиот не/професионализам.

## Клучни карактеристики за известувањето на ТВ-станиците во март 2024

Во март 2024 година се регистрирани вкупно 79 прилози со штетни наративи или нешто помалку од 10 прилози дневно (9,87). Најчести штетни наративи биле пристрасното селектирање (53), поткопувањето на довербата (47), нападите на личноста и демонизацијата (14), поттикнувањето поделби (13) и креирањето дезинформации (5).

Ваквите наративи најчесто ги креирале политичките актери и партии, а поретко и новинарите, преку тврдења за корумпираност, нетранспарентност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност, но без поткрепа на тие тврдења (60 вакви случаи или 61,9 %); но и преку употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори (13), преку навреди, исмевање и етикетирање (12) и намерно непренесување на целосната слика и изоставање информации (4).

Од телевизиите, ТВ Алфа е повторно медиумот кај кој се регистрирани најголем број прилози со штетни наративи (35 или 44,3 %), но и кај оваа телевизија, како и кај повеќето кои се дел од анализата (со исклучок на ТВ Алсат М и ТВ Канал 5 кај кои имаме многу благ пораст), се забележува намалување.

Иако и кај ТВ Алфа се забележува мало намалување на бројот на прилози кои содржеле штетни наративи, начинот на тенденциозно информирање и застапување страни е сè уште многу очигледен. За разлика од сите останати телевизии, каде креатори на штетниот наратив најчесто биле политичките актери, а новинарите само ги пренесувале без интервенција, кај Алфа креатори на овие наративи биле или само новинарот (во 3 случаи) или новинарот заедно со политичкиот актер (18 случаи).

Едно од основните новинарски правила, кое честопати е потенцирано и во претходните извештаи, е дека новинарот мора да ја зачува независноста од оној за кого информира. Ова правило, според Лејтон Волтер Кил, е темелот на довербата во медиумите и новинарството и новинарот мора да биде независен и во духот и во умот. Дури и кога се критикува власта за некакви постапки, секогаш точноста и принципот на фер и балансиран однос мора да бидат примарни, а не приврзаноста и блискоста со спротивната страна.

Новинарството мора да биде независен набљудувач на оние кои ја имаат моќта и да биде куче чувар кое ќе ги брани оние кои се најзасегнати, а тоа се граѓаните. Но, за да биде професионален и објективен, новинарот мора секогаш да биде во потрага по вистината и за своите тврдења да понуди факти, да ги консултира сите страни, а својата работа да ја поткрепи од најразлични извори.

Кил подвлекува уште една важна црта на професионалното новинарство, а тоа е да внимава на пропорционалноста на информациите и вестите: *Новинарството е еден вид картографија: создава мапа за граѓаните полесно да се ориентираат во општеството,* вели Кил.

Во картографијата на македонското ТВ-новинарство понекогаш се стекнува впечаток дека политичарите се единствените кои добиваат пристап во вестите и нивниот став е присутен на секоја тема. Па така, во прилозите кои се предмет на анализата, речиси да нема  други актери освен политичарите, кои имаат став на секоја тема и за секој општествен проблем, а притоа, за жал, многу често својот глас го користат за дневно-политички обвинувања и пресметки со своите опоненти. Па така, секоја општествена тема станува тема од внатрешната политика (57 прилози или 72,2 % биле од теми поврзани со внатрешната политика), а само мал број се теми како културата, образованието или пак криминалот, корупцијата и социјалната политика.

Во овој извештај повторно забележуваме дека односот меѓу политичките опоненти многу често е заснован на обвинувања кои не се поткрепени со  аргументи (60 или 61,9), но и со етикетирање, исмевање и навреди. Ваквиот непристоен говор, политичка комуникација која не е базирана на докази, туку на навреди, е сè почеста слика на јавната сцена. Политичарите го користат затоа што на тој начин говорат на јазик кој е близок до електоратот и често прифатен и одобруван, додека медиумите во него гледаат шанса за поголема гледаност.

Медиумите, а особено информативните емисии, не смеат да бидат платформа за ваков неприкладен говор, во кој нема ништо освен лажен спектакл и евтин популизам.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Месечен извештај
(март 2024)

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти